СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осмото Продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јуни 1993 година

Скопје, јуни 1993 година

I/2.-НН/МЛ

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 29 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (11 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 29 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот _ на член 30 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (11 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 30 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 30 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова глава на член 30 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот. по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (10 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нова глава на член 30 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

I/3.-

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 31 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (9 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 31 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков

Отворам претрес по амандманот на член 31 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 32 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (7 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 32 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот за дополнување на насловот на глава II поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (7 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за дополнување на насловот на глава II поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова глава на член 32 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (8 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нова глава на член 32 поднесен од пратеникот Стоиле Стој ков.

Отворам претрес по амандманот на член 33 за менување на текстот на став 1 поднесен од пратениците Шабан Превала и Џелил Таири.

Молам, кој бара збор?

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, второто поглавје на Предлогот на законот каде се обработува проблематиката на заштитата на правата на поранешните сопственици и нивните правни наследници според мене и според предлогот на член 33, што е понудено овде како такво сметам дека не е најдено добро решение во однос на понудениот текст. Се остава една празнина во смисла на тоа дека доста работи не се прецизирани како такви.

Со оглед на мноштвото на амандмани што ги имаме пред нас, јас сакам да ве запознам во што се состои понудениот амандман за член 33.

Во членот 33 стои "Во постапката за трансформација се обезбедуваат барањата на поранешните сопственици и нивните правни наследници кои се државјани на Република Македонија со место на живеење во Република Македонија". Одредбите од овој закон не навлегуваат во правото на лицата од став 1 на овој член за враќам на

имотите што се остваруваат согласно прописите за денационализација. Од одговорот на Владата што го добивме стои дека понудениот амандман не се прифаќа од причини што странските државјани се обесштетени со меѓународни договори, односно обесштетени се од поранешна СФРЈ, и каде што правен наследник на тие договори е Република Македонија. Јас во оваа проблематика многу не се разбирам, меѓутоа колку што можам да заклучам ретко кој граѓанин е обесштетен со таков договор и дали воопшто постоело и т.н. На што мислам? Мислам на две работи.

Прво, овде се работи за граѓани кои не се државјани на Република Македонија па ниту имаат место на живеење во Република Македонија, а биле поранешни сопственици односно имаат правни нас- ледници. Тоа е една категорија.

Второ, државјани на Република Македонија кои што се родени, по актот на самото раѓање го задржуваат право на државјанство во Република Македонија, меѓутоа местото на живеење не е во Република Македонија туку во некоја од бившите Републики на Југославија, или пак и надвор. Значи, се работи за две категории на правни нас- ледници.  д

Нашиот понуден амандман го нуди следното. Во постапката за трансформација се обезбедуваат барањата на поранешните сопственици и нивни правни наследници и тука треба да се стави точка, без да се навлегува во тоа али е државјанин на Република Македонија или има постојано место на живеење. Зошто го велам тоа. Тоа го предлагаме затоа што на одделен начин, според предложениот член се прави одредена дискриминација во однос на државјани кои се на Република Македонија, а се правни наследници и во однос на државјани кои биле порано а биле правни наследници. Значи, во процесот на постапката за трансформација овде се исклучуваат таквите лица и

државјани кои што се правни наследници и го имаат статусот на државјанство меѓутоа немаат постојано место на живеење. Значи, и во тој дел таа проблематика не е обработена.

Мислам дека со меѓународните конвенции ова прашање е решено и во овој дел предлагачот го има исключено тоа во постапката и го нема во предвид. Затоа што и како што е аргументацијата понатаму, кажано е дека со тоа ако не се земе и тоа во предвид нормално дека ќе се намали угледот на Република Македонија, а со тоа ќе се намали и вложувањето на таквите граѓани кои што сега не се државјани на Република Македонија, а би сакале да вложат во Република Македонија. Тоа е накратко што сакав да го кажам и запознам во врска со понудениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (15 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 33 за менување на текстот на став 1 поднесен од пратениците Шабан Превала и Џелил Таири.

Во меѓувреме пратениците Шабан Превала и Џелил Таири поднесоа амандман за менување на текстот на член 33 и за бришење на членовите 34, 35,36, 37, 38, 39 и 40, по кои Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 33 и за бришење на членовите 34, 35, 36, 37, 38, 39 и 40 поднесени од пратениците Шабан Превала и Џелил Таири.

I/7.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господо, практично амандманот има два дела.

Првиот дел е имотите и правата кои станале општествена сопственост по присила на закони, не подлежат на трансформација односно приватизација по овој закон, а вториот дел е дека останатите членови од таа глава што ја регулираат оваа материја се брише.

Владата не го прифаќа овој амандман од една едноставна причина. На овој начин се за што ќе се појави било какво барање дека нечие право било повредено, практично ќе се запре и ќе се изземе од трансформација. Во искуствата на западните земји е познато дека ваков тип на регулација во најголема мера ја успорувал приватизацијата. Решението што ви го предлагаме е далеку пофлексибилно. Во случај кога двете странки, и оние кои што полагаат право на некогаш одземен имот и претпријатието ќе дојдат до некаков договор да се врши трансформација со некакво меѓусебно договорено обесштетување, тогаш трансформацијата не се запира и продолжува да се одвива. Во случај кога таков договор меѓу двете странки не постои практично имотот на кој што рефлектира оштетената страна се иззема од трансформацијата. Оттука решението на Владата е пофлексибилно, дава можност на два различни начини да се реши оваа проблематика, а фактички кога ќе дојде до ставови на двете страни кои што се неподмирливи, решението за тоа ќе се најде во другиот закон, законот за денационализација. Во таа смисла предлагачите имаат право, меѓутоа затоа сметаме дека нашето решение е пофлексибилно. Онаму каде што нема согласност се оди по законот за денационализација каде што има: согласност приватизацијата се одвива нормално.

I/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Морам да кажам дека ние ја цениме флексибилноста на Владата во пристапот кон трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, меѓутоа има една несреќа во целата оваа работа, тоа што ние за овој закон расправаме и ќе го донесеме во услови кога не сме решиле една целосна материја која што на некој начин е комплементарна со законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал Имено, станува збор за законот за денационализација, на што со право беше укажано во расправата покрај овој закон за кој денеска рас правиме и треба наскоро да го донесеме.

Мислам дека ние не можеме да преаудицираме решенија, не можеме да антиципираме решенија со овој закон заради тоа што не е донесен закон за денационализација. Мислам дека овој комплекс на прашања ќе биде објективно решен и самиот процес на трансформацијата ќе го земе својот нормален тек само доколку што поскоро, бидејќи не успеавме благовремено да го донесеме законот за денационализација како припрема за спроведување на трансформацијата, доколку што побрзо го донесеме законот за денационализација, но тоа не ни дава право ние да го споредуваме законот за трансформација со одредби кои што според мене значат антиципација на решенијата што треба да ги понуди законот за денационализација. Од проста причина што и нас никој не ни дава право да приватизираме или пак да арбитрираме со имот што не е општествен, што не е државен.

Јас мислам дека таа категорија тој дел на имот мора да се сепарира. А бидејќи тешко оди сепарирањето во постапката за

трансформација, се разбира дека бара договори, арбитрирање, посредување итн., наше мислење е сега да се воздржиме од приватизацијата, дури и од преговарањето од делот што не е општествен имот, туку што е имот претворен во општествен по таканаречени присилни закони, меѓу кои и законот за денационализација. Сметаме дека само на таков начин ќе се делува праведно и ќе се исполнат принципите на правичност. Ова дотолку повеќе што како што ви е познато по однос на ова реагираше и една асоцијација на поранешните сопственици и нивните наследници која што укажуваше и на проблемот како проблем, а и нудеше решение. Ние солидаризирајќи се со таквото резонирање на поранешните сопственици, а и тргнувајќи од практичната страна на остварувањето на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал се залагаме за тоа овој член, членот 33 да се преформулира во смисла како што е предложено, со тоа што намерно велиме да се бришат членовите 34, 35, 36 37, 38,39 и 40, затоа што тие членови всушност го доразработуваат членот 33, односно нудат начин како членот 33 да се оживот вори во практичното остварување на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. За да немаме проблеми во практичното спроведување на законот, сметам дека треба да се при- фати амандманот што се нуди за членот 33, што значи промена на содржината на текстот на тој член со сите други промени понатаму што се нудат за бришење на останатите членови. Сето тоа се со цел за да не биде предмет на расправа и предмет на договор нешто што не претставува општествен имот.

II/1.- СС-ВБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 33 и за бришење на членовите 34,35, 36,37,38,39 и 40 поднесен од пратениците Шабан Превала, Џелил Таири.

Отворам претрес по амандманот на член 33 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Молам, кој бара збор?

Збор има господин Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Од причини што ако сакаше Владата да го реши ова прашање на поправичен начин, во самиот закон имаше време да измисли како треба тоа да се реши. Со оглед на тоа што претходно требаше да го донесе Законот за денационализација а не после да се донесува законот, прво да помине ова, со оглед на тоа дека се донесува еден политички акт за кого се залажуваме овде дека ќе се спроведе, го повлекувам не само овој амандман, туку сите други амандмани што следуваат за денационализацијата и правото на поранешните сопственици. Тие, ако требало да ги имаат имотите не би им ги одземале. Така им било со судбината запишано и така ќе се одвива понатаму.

II/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи амандманот е повлечен, прекинуваме со расправата по амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на членот 33 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, ова е последен амандман што сакам да го образложам од концептот односно модел што на некој начин амандмански до сега го предлагам. Мислам дека на некој начин соодветствува и со едно слично такво решение што го предлага и Владата.

Меѓутоа јас децидно во овој амандман барам таканаречените фиктивни интерни акции да не се признаат односно да не се признаат како што предлага Владата ако се платат за нив давачките што следуваат на државата, од следниве причини:

Се поставува прашањето со што се платени тие интерни акции, дали е тоа само книговодствено префрлање односно без ква.литетни средства, дали поедини претпријатија што извршиле ваква трансформација по основ на двата закони на господинот Анте Маркови земале кредити од банките за исплата на лични доходи или плати, како што се вели сега по ново, на вработените и од тие такви средства им одбивале за интерните акции. Меѓутоа, тука може да се постави прашањето каде се отидени односно за што се потрошени тие средства, ако биле квалитетни средства односно готовина, им се одбила, а не да биле фиктивни средства,односно само книговодствено префрлени итн.

Значи, каде претпријатието ги вложило тие средства од интерните акции, дали во инвестиции односно нови работни места или пак тие средства не постојат, се фиктивни?

Ќе се запрашам дали тоа не е еден начин на грабеж и подјрадување на тој општествен капитал, односно земање кредити за лични доходи што не биле остварени, а плус е вршена трансформација на општествениот капитал, некаде можеби и 80 до 100% од вредноста на вкупниот тој капитал. Тука ќе си поставам прашање како може одредени фирми што стопанисуваат со рудни и минерални богатства да бидат акционерски друштва, трансформирани 80, па дури и 100% врз основа на издавање интерни акции? Тоа се поставува како прашаше како можат тие фирми да бидат акционерски друштва, без разлика' што на запад имаме такви АД, меѓутоа државата ако им даде концесии или на друг начин. Ние сеуште тој закон, на некој начин не е по тој закон остварено дека станале АД врз таа основа, туку единствено само врз основа на издавање на интерни акции.

Тука ќе се запрашам, сакам да се запрашам за односот кон акционерството. Дали оваа држава, Република Македонија до сега е третирана на еден обмислен начин, односно дали медиумите пред се би кажал тука им објаснија пред се на тие работници за кои директорите овде"сесрдн6 се залагаат" што е тоа акционерство? Што носи тоа акционерство? што е дивиденда? Кога се добива дивиденда? тоа мислам, без разлика, сакам една критика кон средствата за јавно информирање. Имаме стручњаци во тие средства за јавно информирање што не направиле две или три емисии да им објаснат на луѓето и граѓаните мислам на работниците што е тоа акционерство, односно што значи интерно акционерство или јас како што го нарекувам внатрешно акционерство дека тоа не значи ако се интерни акционери дека мора да им се обезбеди работното место таму каде што се акционери. Тоа е факт. На запад тие што се акционери, мислам на тие од надвор, односно

не се вработените, вработените си работат за една плата, се разбира ако работат добро ќе земат и добра плата. Тоа не значи ако поседува некои акции дека автоматски им е обезбедено работното место што мислам дека се манипулира по однос на таа наводна заштита од поедини директори, кои се овде и пратеници, а кои ете се залагаат за доброто на работниците, што за мене, тоа и вчера го кажав, е една демагогија. Тука можам да ги надоврзам и шушкањата за таканаречените интерни акции - ако сакаш да бидеш технолошки вишок продај ми ги, раководителите што на некој начин, можеби и МВР ќе открие дека се прави така.

Ние се наоѓаме во еден преоден период или како модерно сега се вели во една транзиција на системот, меѓутоа ме чуди што сеуште не донесовме некои закони во однос на тоа што овде пратениците да бидат само пратеници а не и директори, затоа што поврзаноста на одредени директори со одредени политички партии, односно интересни групи на помали интересни групи од населението, некаде два-три посто што сакаат да бидат на некој начин новопечени богаташи без квалитетни средства да платат и би рекол тука настојување на тие директори и пратеници поврзани со овие партии. Тоа го слушнавме и го видовме и на Комисијата за стопанство и тоа најмногу министерот го. почувствува дека отпорот за ревизија на досега извршената трансформација доаѓа токму од овие, би рекол не неформални, туку формални групи, затоа што се гледа дека се групираат некои јадра, некои нови, така би ги нарекол групи што би претставувале во иднина таканаречени нови богати семејства или групи.

Тоа е целта на овој амандман. Единствено се разликуваме со концептот на Владата во однос што се залага тие интерни акции фиктивни, за кои не може да се докаже дека навистина се платени со квалитетни средства, да се поништи таа трансформација за да остане нешто и на државата да ги врати долговите и спрема девизните штедачи

и спрема странство. Тоа се две милијарди долари, не се малку пари за да не ги оставиме утре нашите поколенија, можеби едно, можеби наредното поколение, можеби и наредното поколение да ги враќаат. Тоа е целиот концепт на овој амандман

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? ( 17).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на членот 33 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот за пренумерација на членовите 33,34 и 35 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? ( 8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за. пренумерација на членовите 33,34 и 35 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 34 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот ,по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (11)

II/6.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 34 поднесен од пратеникот Стоиле Стој ков.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот ,на член 34, поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Молам, кој е за нека крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 34 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 34 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Ова е од оние амандмани што господинот Шабан Превала рече дека ги повлекува.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 35 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 35 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

II/7.-

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе кажам што мислам за предложениот амандман и зошто го предлагам.

Во член 8 од Уставот на РМ, алинеја 6 се кажува дека државата се залага и говори дека врши заштита правна на сопственоста. Веднаш да почнам со членот 54 "Слободата и правото на човекот и граѓанинот можат да се ограничуваат само во случаи утврдени со Устав". Тоа значи дека никој со ништо друго овие права не може да ги ограничи, а во ставот 2 говори само за време на воена или вонредна состојба. Овде Владата одговара дека образецот ќе треба да остане да се пропишува кога ќе се најавуваат правата на граѓаните што се за опфатена имовина во претпријатијата што вршат трансформација а го пропишува Агенцијата.

Ве молам, една работа од каде сега Владата најде за сходно да го критикува инструментот со кој државата гарантира дека овие уставни начела на граѓанинот во остварување на сопственоста ќе бидат застапувани преку адвокатурата? Недоследен е одговорот на Владата и понатаму, во тоа што барателот ги поднесува, ги доставува побарувањата на образец што го пропишува Агенцијата а ги содржи податоците за претпријатието кон кое сопствениците имаат побарување за правната заснованост. Јас незнам ако државата преку обрасци ќе најде форма да ги заштити правните основи да не се бара од граѓанинот правна помош од адвокат. Која е таа држава што преку образец ќе може да го оправда основот кај граѓанинот и дали секој граѓанин кој е писмен ќе може да го пополнува образецот и за правниот основ. Најголема дилема кај сите правници доаѓа и баш околу примена и изнаоѓањето на

основот. Кои се тие основи, што претставува основ што е правото ан граѓанинот кој го заштитува тоа негово право, со што се заштитува тоа го знаат само стручњаците што значи дека сака со воведување на овој образец како и досега ќе отиде граѓанинот кај Агенцијата или кај претпријатието ја сакам да пријавам моја имовина што вие сакате да ја заземете со трансформацијата. Кој тие правни основи јас не разбирам. Не пополнувај образец немаш никакво право. И неговата работа се завршува, ако законодавецот или предлагачот имал за цел да го ова направи навистина добра работа направил, а дека е така јас ќе го прочитам сега и ставот на Владата.

Амандманот не се прифаќа затоа што Владата смета дека со образецот ќе се поедностави и унифицира постапката. Која постапка. Да се бара нешто. Со тоа ќе се отстрани можноста заради непотполни податоци да се отфрлат барања. Исто така образецот ќе можат сами да го потполнуваат поранешните сопственици и нивните правни наследници. А писменото барање претставува користење на адвокатска или друга помош. Што значи дека се ќе се заврши само со пополнување. Дали сега со ова Владата сметала со поднесување на барањето е свршена работа. Ако е така да се само поднесе барање а да не се остварува правото во понатамошна постапка - тогаш навистина нема смисла да се бара друга помош, а ако се најавува барање тогаш ќе треба да има содржина и тоа барање да може да се и остварува и докажува како и што ваља. Па затоа јас предлагам амандманот да стои место"пропишан образец", да стои "писмено барање кое ќе содржи податоци податоци. Тоа во писменото барање ќе го постави тоа и тоа е мое да ми се издвои. Ова има и друга практична страна. - ,

Господа, имаме во законот рок една година и две години, право на претпријатието да избере начин и постапка за трансформација. Ќе го објави во дневен лист. Од тогаш почнуваат да течат роковите. Луѓе кои биле во тој момент овде, пред објавувањето, отиден е на страна, не е во државата Македонија, дознава за оваа работа случајно, последниот ден а се наоѓа во Јужна Америка тој што ќе направи кого да ангажира да му најде образец да го поднесе своето барање значи една материјална одредба го задолжува да го изгуби правото поради форма. И во тој случај се ограничува правото на правна заштита на сопственоста.

Предлагам да зависи од волјата на граѓанинот, посебно што кога реков постои рок од 60 дена, рокот од 60 дена припаѓа во таканаречени пропулзивни рокови. Тоа значи рок што не може никој да го продолжи. Рокот е од моментот на објавувањето и тој трае и тече без прекин. Тој рок не признава ниту болест, ниту отсуство ниту било кое друго несознание. Тој тече и сега на сето тоа му додаваме да бара и образец. Доволно е само, до Агенцијата и до претпријатието да се јави. - Јас имам своја имовина која се состои во тоа и тоа, молам издвојте ми ја. Правниот основ е наследство, куповина, подарок, замена, по било кој основ, ќе каже. Се тоа останува дополнително да се докажува.

Затоа, ве молам, не ускратувајте го правото на граѓанинот да може самиот слободно да се обрати да си го оствари своето право а со тоа ако не го дозволиме ние ќе ја нарушиме основната категорија на темелните вредности на Уставот, правната заштита на сопственоста

Од овие причини јас сметам дека не се менува ништо во содржината на законот. Овде се дава само поголемо право на граѓанин< на поранешниот сопственик. Ве молам, во интерес на практичното, во интерес на правото, достоинството на една држава, прифатете го амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Грѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Внимателно го слушав образложението на предлагачот на амандманот и сметам дека не би требало да се прифати амандманот, Комисијата за стопанство распраавше по однос на поднесениот амандман од следните причини:

Прво, сите закони , сметам дека треба така да ги уредуваме да што помалку помош се вклучува во нив и од нив да се извлекува обврска за барање на правна помош. Оттука сметам дека во вториот став амандманот можеби е малку нејасен не во делот на утврдувањето на правната заснованост односно тоа треба да значи заради утврдуван на правната заснованост односно барателите ги доставуваат барањата на образец што го потпишува Агенцијата што значи нема потреба да се обраќаат кај некого да им прави барање, туку ќе има образец кој ги содржи податоците за претпријатието кон кое сопствениците имаат побарувања. Е, тука недостига, ако се согласи предлагачот, заради утврдување на правната заснованост. Тоа не достига. Затоа се поднесува образецот. За да се утврди правната заснованост, а не и други, заради утврдување за одземениот имот кој ќе го утврди потоа во постапката и со сигурно подзаконските акти ќе се утврди. Инаку, во членот 35 во основа се уредува само прашањето на фактот на поднесување на барањето, а не и утврдувањето на правната заснованост.

Оттука сметам дека доколку е потребно и ако Владата смета може сосема со мала интервенција сега да ја уфрли и само да додаде  заради

утврдување на правната заснованост, а понатаму во постапката од самиот закон сигурно е регулирано и со подзаконските акти за начинот и постапката на утврдувањето на правната азснованост. Овој член е само за поднесување на барањето.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Поаѓајќи од тоа каква ни е базата која не изгласала овде јас мислам дека амандманот треба да се прифати. Кои се причините? Јас мислам дека поголеми права се даваат на поранешните сопственици со тоа што само се поднесува барањето. Ако одиме и постапуваме онака како што е предложено во Предлог законот, мислам дека тие права малку им ги ограничуваме. Тоа е врзано за она за што јас зборував кога имавме начелна расправа по законот. Даваме преголеми права на Агенцијата и тука постои одредена опасност од она што реков во начелната расправа од одредена бирократизација на Агенцијата, а бирократизацијата од искуството на западните земји се појавува и постои таква опасност да биде и кај нас. Заради тоа мислам дека со прифаќањето на амандманот ние дадеме поголемо право.

Инаку неспорно е кога човекот поднесува барање за тоа тој е поширок односно пошироко е неговото право ако е само со барање отколку со образец. Со образец може да ни се случи да се наведат податоци кои тешко можат да се обезбедат од страна на странката. Што ќе се случи? Ќе се изгуби барањето. А дали стремиме кон тоа? Мислам дека Предлог законот не се стреми кон тоа. Заради тоа пред- лагам амандманот да биде прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Томислав Стојановски.

III/3.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Видете што е основната работа. Ако не стои на пропишан образец тогаш ќе немаше никаква моја интервенција. Ако образецот нема материјална работа . Овде ако барањето не е во тие 60 дена поднесено на тој образец, се губи правото . Сега се прашувам ако дојде некој па не го читал законот, незнаење на законот никој не го оправдува, што ќе биде човек кој во одреден рок поднел барање и навел многу поаргументирани факти за сето она што го бара од фирмата да му се издвои. Дали тогаш ќе се отфрли неговото барање?. Сакам господинот Петар да ми одговори по негово сфаќање како ќе го реши ова. Ако тој одлучува, ако дојде непотполнет образец без доволно податоци, а дојде писмено барање со извонредно основани податоци, а не е на образец, дали тој ќе го одбие и човекот ќе изгуби право, а ако е на непотполнет образец ќе го има правото и ќе го докажува понатаму во постапка. Јас ќе одговорам во секој случај правото мора да му се заштити и да не правиме непријатности со закони и да спомнуваме подзаконски акти. Господа разберете подзаконски акт не може да има основ за остварување на право. Процедурата е пропишана јасно во секоја постапка. Затоа не знам што очекува со некој подзаконски акт во оваа постапка сега да се додава. Што , да се цени правото, да се воведуваат нови органи? Јас овде барам правото на граѓанинот оти ние се залагаме дека неговото право е неприкосновено, а со ова сакаме да му го ограничиме.

Дали еднаш ќе размислуваме како пратеници во ова Собрание да го штитиме Уставот што го донесовме ние или ќе имаме нешто што ќе не води кон администрирање, кон ограничување на правата, а основното е во членот 8 став 2 таму вели се она што не е забрането со Уставот е дозволено. Па, зарем сега ќе треба да му го забраниме на граѓанинот.

Ние имавме една забрана без обрасци на обични белешки 1947, 1948, 1949, 1950 година , ќе плукнеше некој на врвот на моливот и ќе го одземеше имотот на некој. Сега , дали сакаме да дојдеме пак некој да му плукне на моливот и да не му го даде имотот Затоа дозволете ми имаме законски институции право на остварување на правото нека зависи од името на граѓанинот, а рокот дали ќе треба да го има или не, јас поради словото на законот не треба да има траење да може да се работи со него прифатив еден рок макар да на Комисијата сметавме дека треба да биде рок од 6 месеци, а не од 60 дена. Меѓутоа и кај нас надвладеа мислењето дека е овој рок доволен И јас не сакам да одам надвор од мислењето на Комисијата. Па, затоа колеги апелирам дозволете овде да располага умот и волјата на сопственикот, а не обврската на државата која се наметнува.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Разбирлива ни е интервенцијата на господинот Томислав Стојановски, бидејќи не сме рамноправни во дискусиите најверојатно по овој член, бидејќи јас сум економист, а тој е адвокат и оттука сметам дека е разбирлива неговата интервенција и барањето, барањата да се проследат на одреден начин стручно од одредени стручни лица кои можат таа правна помош да ја дадат. Тука е мојата интервенција. Законите да г направиме така да бидат поприменливи за граѓаните и да не бараат таква правна помош. Членот 35 е практично тоа и оттука сметам дека не би требало да продолжиме со репликата, туку на одреден начин да се изјасниме по делот на поднесениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави повторно господинот Стојановски, тој е спомнат.

III/5.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Формалната квалификација помеѓу нас двајца економист и адвокат јас овде не настапувам како адвокат, туку како пратеник и укажувам на практичната примена . Господа, се она ако се говори и тврди да го убедиме Собранието граѓанинот да не бара правна заштита, тогаш треба да го бришеме Уставот. Не овој член, туку Уставот гарантира правна заштита на сопственоста. Сега, како може да биде тоа да изгласаме закон кој ќе има интенција да нема правна заштита. Моето залагање е таму , а дали тоа ќе биде преку институција адвокат или самиот тој кој има таква спрема или економистот па знае да си направи и тоа не е лошо кај нас, меѓутоа, светот се бави токму со заштитата преку адвокатурата и се знае дека адвокатурата е таа институција која ги штити правите интереси, а со Уставот ние сме ја определиле како уставна категорија, а не дека јас сум сега адвокат и тоа го барам да го чинат сите други.

Јас незнам дали сега господинот Горѓиев затоа што не е адвокат да одиме на ова што не е адвокат, да одиме на администрација да се задоволи таа неписмената страна по однос на правата на остварување. Сметам дека ќе погрешам ако така тврдам, предлагам претставникот на Владата да го прифати ова во интерес на уставноста, во интерес на правото на граѓанинот затоа што е неспорно дали образец или без образец Агенцијата и претпријатието ќе мораат да расправаат по барањето за што ќе стане збор и подоцна по наредните членови 37 и 38.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, овој амандман од господинот Томислав Стојановски го прифаќам и ќе гласам за него заради тоа што

имам одредени сознанија не теоретски, туку практични од теренот од кој доаѓам јас како пратеник.

Овој амандман навлегува и во една друга сфера во имотно - правните односи во Република Македонија кои јас мислам дека требаше да се расчистат претходно пред да настапи овој закон за трансформација на општествениот капитал. Ова е комплексна материја и ако Вие добро знаете и се сеќаваат особено постарите во овој Парламент во Македонија е извршена национализација , па присилно одземање на одредени имоти и овде не станува збор само за трансформација на капитал да речеме одредени фабрики или претпријатија," туку станува збор за трансформација и на големи индустриски и земјоделски комбинати како што е еден комбинат во Битола. Претходно требаше да бидат расчистени имотно - правните односи, па дури потоа да се почне со оваа трансформација. Еве еден конкретен пример.

Од овој дел од Битола имаме голем дел на иселеништво во Австралија во западните земји. Како ќе можат да бидат информирани тие луѓе во благовремен рок од 60 дена за да можат сите тие односи да си ги регулираат и да ги достават барањата во тој рок што е предвиден со тој закон. Ова е комплексна материја, толку комплекс- на, толку измешана и толку замрсени овие имотно - правни односи во Република Македонија што незнам дали Свети Петар одозгора да слезе може да ги расчисти. Значи, државата тој што ја вршеше таа национализација требаше тие односи претходно истиот тој субјект да ги расчисти, па дури потоа да следат овие трансформации и вакви начелни одредби во овој закон. Затоа велам заради ваквата комплексност на овој проблем го прифаќам амандманот на Томислав Стојановски и ќе гласам за него.

III/7.-

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Мислам дека без потреба се изостри дискусијата по ова прашање, по мое мислење. Предлогот ми е близок и забелешките што господинот Стојановски ги кажа, бидејќи правото на секој граѓанин до крај треба да се почитува и реализира. Правото може да се оствари , но ако е постапката едноставна, демократска и ефикасна. Во таа мера ни е прифатливо. Меѓутоа, не ми е прифатливо образложениот што го даваше ви за ви предлогот што го дава предлагачот. Бидејќи е лично, сметам дека едното со другото не е спротивставено. Се дадоа квалификации дека предлагачот предлага да се пополни задолжителен образец за да ги стесни можностите за остварување на тие права. Напротив, тоа право не може да се оствари , она што го дава предлагачот во образложението, доколку нема валидни податоци врз база на кои ќе се процени дали има основ за покренување постапка , утврдување итн. Затоа би го замолил предлагачот на амандманот, а и предлагачот на законот мислам дека би можеле да се усогласиме со тоа што на основа на поднесеното барање или откако се поднесе барањето претпријатието односно агенцијата доставува на барателот задолжително да пополни образец врз база на кој тие ќе можат валидно да ги проучат тие работи. Во спротивно што ќе испадне? Дајте ми лична карта на име Киро Поповски без никакви податоци да дадам , како ќе ни дадат лична карта. Според тоа, мора да пополни образец , но тоа пополнување на образецот да не го доведува во прашање поднесувањето на барањето. Барањето да си биде валидно и граѓанинот може по писмен пат или било како да поднесе барање без да пополнува било каков образец тоа барање се зема во постапка, но откако ќе поднесе барање да му се понуди образец во кој ги дава сите податоци за да може валидно да се утврди вистината и во таа функција да ја поспеши целата активност.

Во спротивно ако прифатиме да има само барање , тогаш тоа барање ќе биде нецелосно и самата постапка може да се одолговлече во недоглед и преписки помеѓу агенцијата, претпријатието и барателот. Вака , ако при поднесување на барањето агенцијата е задолжителна веднаш да му даде да пополни образец барањето си е во процедура, а образецот е основа за постапката.

(Со седницата продолжи да раководи Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде не се разбираме изгледа во основа. Образецот е императив, нема образец, нема право. Понатаму, во предлогот не кажува колку ќе трае постапката, дали ќе биде барање поднесено писмено или ќе биде на образец, колку ќе трае таа постапка? Никаде не е ограничено со рок. Тоа може да трае и 10 години. Со тоа да биде јасно дека ќе застане постапката околу трансформацијата поготово ова што го спомна господинса Котевски таму каде се земјоделските организации каде има поголем дел на недвижен имот -земјиште земани се по таа основа и сега ќе се постават барања, каква ќе биде таа постапка за трансформација ако некој вели оваа имовина е моја, па треба да докажува дека е наследник, па едно претходно прашање, па друго, па трето, а ова што го кажува господинот Поповски не води кон нова компликација. Овој ќе се обрати со барање, па ќе му речат дојди пополни листа - образец , па тој образец дали ги исполнува тие услови или не ги исполнува, па кој тоа да го цени? Тој што го пополнува ќе дојде граѓанинот еве на пример јас

одам во таа фирма и сакам да пополнам образец имам моја имовина. Дали ќе ме одбие тој таму или ќе ме упати на адвокат или ќе ми го пополни тој. Ќе ми рече тоа и тоа , а ако го немаш тоа, немаш право. Веднаш така «е дојде затоа што тој има интерес да го пополни образецот без податоци. Со ова се ускратува правото нешто да се злоупотреби. Тоа е мое право, а кога ќе одлучуваш тогаш ќе ги цениш моите работи да или не.

Понатаму, законот не кажува што ќе биде ако предлагачот односно оној што бара да му се издвои и оној што треба издвои не се согласат? Доаѓа решение ќе треба да оди на некоја друга институција. Таму, каква улога ќе игра образецот? Никаква.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Настанува редовен спор, образецот го нема, губи својство само стои рокот за пријавување. За една ваква работа дали треба повеќе да се расправаме. Господа, правото нека зависи од човекот. Тоа е основниот елемент.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Миљовски, министер на Владата на Република Македонија.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа, јас со последниот дел на дискусијата на господин Стојанов многу се сложувам и навистина за ова не би требало да дискутираме. Меѓутоа, не би требало да дискутираме од поинакви причини. Она што е напишано е напишано во законот апсолутно не ускратува ниту едно право, туку поспешува и поедноставува постапка за утврдување во процесот на приватизацијата. Јас дури би ја разбрал оваа дискусија, доколку би ја воделе во врска со законот за денационализација. Ова не е закон за денационализација, закон за приватизација. Во Законот за приватизација не се решаваат правата до крај, само се резервиа во процесот на приватизацијата да не отиде нешто што е нечија сопственост. Колку, како и што ќе биде решено во законот за денационализација. Освен тоа, не е воопшто точно дека пропишаниот образец ќе спречи некого да поднесе бараше. Барањето не му ќе му биде дадено според законот за денационализација, ако ние генерално се одлучиме да враќаме имот, ќе го враќаме имотот онака како што треба, поднесен во една постапка. Меѓутоа, колку, како и што ќе се одлучи во законот за денационализација. Со пропишување на обвразецот, ние само ја забрзуваме постапката да видиме што има, што

е основано, што не е основано во процесот на приватизација, меѓутоа, дури и тука агенцијата ако нешто погреши секогаш постои законот за денационализација, кој што ќе создаде сите права човекот да биде оштетен.

На крајот на краиштата не е должник кон поранешните сопственици, нема да биде агенција само, туку ќе биде и државата. Тоа значи ќе постојат низа начини на кои што ќе се бара компензација или обесштетување итн. Според тоа, навистина за вакво прашање нема никаква смисла овде да дискутираме. Образецот го пропишуваме да биде пристапен секој едноставен човек на брз начин да знае точно што треба и кои податоци треба да ги даде и тоа да може на многу едноставен начин да се прочита и да се поедностави постапката. Притоа, ниедно право не му се скратува, ниту на барање, ниту на правна помош, ниту на одење пред суд, ниту ништо. Меѓутоа, ние не го пропишуваме сега дека ќе оди на суд, ние само викаме дека се резервира, го поднесува барањето по можност се спогодува. Ако не се спогодат сите овие работи за кои што вие говорите, се отворени.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Министерот сега овде одговори, меѓутоа не одговори прашањето што беше до Петар Георгиев. Дали ако некој го пријави своето не на образец туку да го напише ќе му се отфрли или ќе му се прими пак за пријавување? Нека одговори на ова, тогаш ќе можеме да збориме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Петар Георгиев.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Сметам дека треба да се прочита член 36 некаде во третиот став каде што и самото барање во која функција се поднесува. Ако барател најавил побарување, претпријатието трансформацијата може да ја

продолжи ако. Што значи дека само се одлучува дали се резервира тоа барање или не. Ништо друго. Тоа е функцијата на барањето. Оттука, сметам дека, и останувам на она што го реков, дека барањето нема функција на утврдување на правната заснованост, туку во основа само дали процесот на трансформација да Продолжи за тој субјект или не. И да се резервира во рамките на средствата што ги има субјектот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

23 пратеници гласаа за.

(Томислав Стојановски се јавува од место и бара да се пребројат пратениците кои се присутни во салата).

Ги молам службите да ги пребројат пратениците колку се присутни.

58 пратеници има присутни.

Ве молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

61 пратеник има присутни во салата.

Молам, ете повторно ќе гласаме.

амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

26 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член став 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 36 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 36 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Пратеникот Трајан Мицевски ги повлече амандманите.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 37 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 37 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 37, став 1, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам, кој бара збор?

Господинот Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Веднаш да кажам дека не се работи за некоја суштинска промена што се бара со овој амандман, напротив повеќе амандманот се однесува на прецизирање на мислата во врска со зборот "стопан" . Во ставот 1 на членот 37, на крајот се вели дека"средствата" од едните се даваат на агенцијата со обврска, со акциите односно уделите да се однесува како добар стопан". Мислам дека зборот "стопан" е малку архаичен, повеќе како да асоцира на газда, а во нашиот економски жаргон барем и досега

IV/5.-

и во иднина мислам дека нема потреба да се откажеме, повеќе се применува зборот стопанственик. Па, мислам дека и мислата треба да биде таква што агенцијата се однесе со внимание на добар стопанственик, а не на добар стопан. Значи, нашето залагање е наместо "стопан", да стои стопанственик", ако е можно

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор? Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака) /

28 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 37, став 1, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 38 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за?, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 38, поднесен од пратеникот Стоиле Стојко!

Отворам претрес по амандманот на член 38, став 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

IV/б.-

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38, став 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 39, поднесен од пратеникот Стоиле Стојков .

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој еза, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

9 пратеници гласаа за?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 39 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 40 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на тестот на член 40 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 40 за додавање на нов став 2 поднесен од пратеникот Санда Давчев.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Еден пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 0 за додавање на нов став 2, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 40-а, по глава трета поднесен од пратеникот Петар Георгиев.

Амандманот е повлечен.

Нема расправа по него.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на член 41 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бар збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака. (Пратениците креваат рака)

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 41 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков

Отворам претрес по амандманот на член 41, точка 1 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот е после зборот "вработени" да се стави запирка и да се додадат зборовите "порано вработени и други купувачи". Владата не го прифаќа амандманот. Согласно со општите одредби на законот вработените во претпријатието, порано вработените во претпријатието, кои најмалку две години работен стаж оствариле во претпријатието, како и пензионираните работници во претпријатието што се трансформира ако и во него работеле две години имаат исти права во постапката на

трансформација, како и оние што сега работат. Што се однесува, пак, до другите купувачи само кај мал број претпријатија, а се одбира овој начин на трансфорамција, успешно се изврши тие ќе се најдат во некаква поодредена положба. Според тоа, ние јасно се определивме дека ги даваме попустите за сите сега вработени и порано вработени во претпријатието кое што најмалку две години во него работеле. Сите други граѓани на Македонија купуваат под еднакви услови акции од претпријатијата. Според тоа, нема потреба , не не можеме, вградена е логиката на амандманот и вградена практички во другиот текст. И нема потреба од неа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Господинот Арсов бара збор.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници не сме задоволни од договорот на министерот, затоа што овде не е вградена логиката на која што господинот министер се повикува. Напротив, ние не ја гледаме логиката, не е вградена и -затоа го предлагаме овој амандман. Во прилог на тоа образложение чувствувам за потребно да кажам дека токму од тие причини што ние со претходните членови за кои што разговаравме овде, односно, за кои што дебатиравме и дискутиравме, а тоа беа членот 25, 26, до 30 кога зборувавме дека вработените имаат право да купат акции со попуст и ако веќе тоа право им е обезбедено со други членот ние не треба повторно вработените при откуп на претпријатието да ги ставаме во привилегирана состојба. А току за да се избегне тоа овде го додаваме "и порано вработените". Зошто ова го кажувам? Затоа што со овој член нема потреба да се прави разлика помеѓу вработените и порано вработените и другите купувачи, кои според Уставот имаат еднаква положба. Повторувам, ние мораме да ја обезбедиме уставната еднаквост

на сите граѓани во Република Македонија. Граѓаните индиректно учествувале во создавањето на општествениот капитал и од тие причини сега ние не можеме да кажеме дека вработените во општествени дејности не се индиректно вклучени во создавањето на општествениот капитал и на тој начин сега ние да ги ограничиме со овој член, ниту пак тоа можеме да го направиме во однос на лекарите , на земјодлеците итн. Сето тоа ќе го отстраниме ако со прифаќањето на овој амандман ние обезбедиме под еднакви услови за сите, а тоа ќе се обезбеди преку лицитација.

V/1.- НД/ЉР

**ДРАГИ АРСОВ:** (продолжение)

Тоа е нашиот предлог и тоа е најдобриот начин да се одлучи и да се обезбедат сите услови и тоа подеднакво за сите граѓани при нивниот старт при купувањето на претпријатието. Односно на тој начин најдобро ќе се реши кој ќе го купи претпријатието. Од тие причини инсистираме овој амандман да биде прифатен.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас се извинувам што повторно се јавувам, но сакам само да внесам малку појаснување во ова.

Кругот на оние кои што имаат право да купуваат под повластени услови е ставен во член 25. Тоа е генерална одредба на Законот која тоа ваши за сите видови трансформација. Тоа нема потреба да се повторува секаде каде што се пропишува поедина постапка за трансформација. Значи, овде ние пишуваме како се води трансформација. Сосема е јасно дека ова што го пишува во член 25 се однесува и за овој вид купување. Според тоа потполно тука нема потреба да се повторува. Овде се кажуваат само два модела според кои што се врши трансформација на малото, понатаму ќе дојдеме до средното и до големото претпријатие. А, за повластиците тие еднакво важат за сите три вида на претпријатие, и за мали и за големи и за средни, подеднакво. Значи нема потребам, тоа е генерална одредба на Законот.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Морам повторно да укажам на еден аспект, а тоа е на стеснувањето на правото на оние што при откупот на претпријатието го имаат, вработените и оние што се надвор од претпријатието. Укажувам дека со овој амандман ние го шириме кругот и ги ставаме во рамноправни услови и вработените и порано вработените и сите граѓани.

V/2.-

Од тие причини сметам дека треба да се прифати ваквата формулација, затоа што овде станува збор токму за тоа, за малото претпријатие, за неговиот откуп 6д страна не само на вработените, туку и на сите оние кои што ќе бидат поставени во рамноправна ситуација кога претпријатието ќе се откупува, односно ќе се постави во ситуација на лицитација. Во тој случај ќе можат да се обезбедат правата на сите подеднакво, како што тоа се обезбедува и според Уставот на РМ, подеднакво положба во сите сфери при остварувањето на нивните права, а во овој случај во остварувањето на нивните права и во откупот на претпријатието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот молам да крене рака? (14 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 41 точка 1 поднесен од Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Пред да поминеме натаму на работа, сакам да се договориме како ќе продолжиме со работа.

Јас би ве молам да работиме непрекидно зошто денес е многу вручина и ако чекаме 16 - 17 часот, тогаш ќе биде многу жешко, неподносливо, па затоа да работиме сега непрекидно до каде можеме да стигнеме, со тоа ако можеме да собереме сили во понеделник да продолжиме, ама да се договориме да завршиме со ова.

Јас би ве молел да дојдете порано. Утре на можеме да продолжиме затоа што неколкумина се најавија дека имаат обврски презуемено од порано.

Во понеделник во 10 часот да продолжиме, затоа што нема комисии.

Сега да продолжиме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 41 точка 2 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ;**

За да им објаснам на оние што го немаат текстот, дека амандманот е) од текстот 41 точка 2 да се избришат зборовите "идеален дел". Образложението е следното:

Продажбата на идеален дел е неизводлива и би била продажба на средства, а не на капитал. Кој е одговорот на Владата?

Прво, амандманот не се прифаќа, а дека изразот "идеален дел" значи дека токму се продава капитал, а не средства. Тоа е единствен начин за да се објасни дека фактички се продава капитал а не средства. Затоа се употребува зборот "идеален дел".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 41 точка 2 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

V/4.-

Отворам претрес по амандманот на поднасловот 1 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски. Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 2 став 1 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски. Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот по член 42 за менување на текстот на став 2 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Барањето на поднесувачите на амандманот е следното: Ставот 2 да се смени и да гласи "остатокот на неоткупениот дел на општествениот капитал во претпријатието агенцијата го става на јавна лицитација".

Владата не го прифати амандманот затоа што ова што се бара е фактички веќе решени за сите членови каде што треба да се реши во Законот. За капитал кој што нема да се продаде се издаваат приоритетни акции кои веднаш потоа се ставаат на јавна продажба. Ако притоа побарувачката биде поголема од понуда се проведува и лицитација. Според тоа, тоа е решено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 42

за менување на текстот на ставот 2 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 2 став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака.? (11 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 42 став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 43 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака?(2 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 45 став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 45 за менување на текстот на алинеја 1 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Овој амандман повлечен е од Комисијата.

Пратениците Љупчо Јакимовски и Томислав Стефковски поднесоа амандман на член 45 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кој Владата не се произнесе.

V/6.-

Отворам претрес по амандманот на член 45 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Љупчо Јакимовски и Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АНЕ МИЉОВСКИ:**

Овој амандман е добиен вчера некаде околу пладне. Владата не го прифаќа заради тоа што смета дека дивидендата што се исплака од акциите не зависи од средствата со кои што ќе се платат акциите, туку зависи од типот на акциите што се купени. Ние разликуваме два вида на акции -приоритетни и обични акции. Приоритетните акции немаат право на власт, меѓутоа имаат гарантирана дивиденда од 2%, а доколку претпријатието исплака повисок износ од дивидендата, тогаш и тие имаат право на повисока дивиденда. Сите средства за плаќање од друга страна ги изедначуваме и со денари и со странски средства на плаќање и со замрзнати штедни влогови. Според тоа нема потреба од ваков амандман.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Од оваа расправа овие 4 дена почитувани пратеници јас но е дека ниеден амандман поднесен од опозицијата нема да помина, меѓутоа излегов само да кажам во што е суштината на поднесениот амандман.

Ако во членот 45 е задржано право на агенцијата да остварува некое право на дивиденда во висина од 2% годишно, како учество дека во остатокот на добивката ние го исто ова со додавање на нов став за имателите на удели што се платени со девизен штеден влог. Оттука и за нив се предвидува право на фиксна дивиденда во  висина од 2%

годишно и право на сразмерен дел од остатокот на имот после исплатата на доверителите во случај на ликвидација или стечај на претпријатието.

Во образложението што го дадовме јасно укажуваме дека треба во поглед на заробените и имателите на заробени девизни штедни влогови треба да имаат исти права и се ставаат во иста положба како и агенцијата, затоа што агенцијата како државен орган е носител на сопственоста да биде во привилигирана состојба во однос на девизните штедачи. Со ова сметавме дека поединечно се решаваат правата и проблемите настанати со девизните штедни влогови. Оттука на носителот на девизен штеден влог кој купил удел ќе може да добива средства нужни за опстанок и живеење. Истото тоа се однесува и за членот 59 , за кој имаме поднесено амандман, како и за членот 68. Општа заложба за подобрување на состојбата на девизните штедни влогови и нивното учество во приватизацијата.

Јасно ми е дека одговорот што го даде министерот Миљовски повикувајќи се дека го добил вчера во 13 часот мислам дека Владата немала доволно време сериозно да пристапи кон разгледувањето на овој амандман кој што е содржински и тоа како квалитетен.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас би молел да не разговараме за тоа дали Владата имала време студиозно да пристапи или не, затоа што ако господата после 2 години расправа, после 2 месеци присутност на овој текст пред Собранието вчера во 12 часот смислиле да поднесат амандман се прашувам кој во последен момент размислувал дали е нешто добро или не е добро Нашиот одговор е многу добро смислен и беше крајно учтив, не провоцираше. Па ве молам немојте и вие затоа што од оваа страна седат луѓе кои што знаат и да провоцираат и да одговараат. Јас се трудам да дискутираме по материјата.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Сакам кратко да одговорам дека министерот си зема големо право кога едно деловничко право на пратеникот го нарекува провокација.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам кој друг бара збор во врска со амандманот? (никој

Пред да поминеме на гласање ги молам службите да ги повикаат пратениците за да можеме да поминеме на гласање.

Молам да се пребројат колку има присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Вкупно има присутни 4 8 пратеници.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Процедурално бара збор пратеникот Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани присутни пратеници што сте овде, ве молам прво вам ви се обраќам што сме присутни тука, бидејќи веќе сме навикнати на вакви сцени почнувајќи од таканаречените ТВ ѕвезди кои нон стоп се појавуваат на телевизијата, на малите екрани, тоа се случи во петокот навечер на различните емисии и свечени вечери и гала - претстави па немаат време да присуствуваат на седницава и на еден ваков закон да работат. Мислам дека е тука неодговорност, неодговорност и на малите екрани што си дозволуваат секоја вечер да ни ги претставуваат нашите колеги пратеници во една друга форма, во една форма која што треба да пропагира само разни теории, пропаганди , идеологии, затоа мислам дека Собранието во ваква форма не би требало да работи.

(дофрлање од место дека треба да се распушти) Не да го распуштиме, туку да си земеме одговорност. Лесно е да се рече да се распушти, но одговорноста е друга. Подобро да ги распуштиме гала - вечерите што ќе ги видиме вечер на телевизијата. Повелете, ќе имаме можност да ги видиме и директорите што денеска не се присутни овде, а се на разни прослави.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи немаме кворум за работа, објавувам пауза до 15 часот, со замолница да бидеме точни и да почнеме со работа да успееме да завршиеме уште малку.

Пауза до 15 часот.

(Пауза од 13,45 до 15,30 часот).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да продолжиме со работа. Ги молам пратениците да влезат во сала а Службите да ги избројат сите присутни.

Констатирам дека во салата се присутни 61 пратеник и можеме да продолжиме со работа.

Претресот го заклучивме по амандманот поднесен од пратениците Љупчо Јакимовски и Томислав Стефковски, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 45 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Љупчо Јакимовски и Томислав Стефковски.

`Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4 6 поднесен од пратениците Драги Арсов. Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Констатирам дека пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 6 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието на РМ господин Стојан Андов).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (11)

VI/3.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 46 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 47 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Амандманот го повлекуваат пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 47 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 47 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на поднасловот II поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 9 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Тој амандман е повлечен, мислам.

Отворам претрес по амандманот на член 50, став 2, поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Дали некој бара збор?

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Пратениците" предлагаат 5%, тоа што го бараме да се учествува во јавното наддавање да се смени со 10% Владата тоа не го прифаќа. Смета дека кауцијата од 5% е доволна, вообичаено се употребува и е доводна да обезбеди во вакви постапки да не се јавуваат случајни лица, туку само оние кои навистина се заинтересирани за да не се смали интересот за учество на овие наддавања, треба да остане -5% како што сме предложиле.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 50, став 2 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот на член 51 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот. Објаснението е во следното, ние во Законот предвидуваме дека после два обиди за продавање на претпријатието може да се понуди цена 80% од претходно утврдената цена. Предлагачите на амандманот предлагаат таа цена да биде 90%.

Сметаме дека ова е премногу рестриктивно. Познати се случаи на преценување на претпријатија и кога нема доволно интерес, сметаме дека треба Агенцијата да има некаква слобода да ја спушти цената за да види дали ќе има заинтересиран купувач. Дури човек може да се запраша дали и овие 80% не се премногу рестриктивни. Во светот. се познати закони со многу пофлексибилни решенија. Сепак се определивме за едно решение што дозволува да се симне цената, а сепак да не се оди многу ниско. Сметаме дека 90% е премногу рестриктивно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 51 поднесен од пратениците Драги Арсов Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по Амандманот на член 53Поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

Има неколку амандмани од овој тип,не само од овие пратеници туку од други и ние претходно веќе одговоривме. Практично пратениците се залагаат да постои и Агенцијата и Фонд. Бидејќи тоа беше одбиено како решение сосема напред во Законот, сега е сосема нелогично некаде при крајот да ја воведеме оваа категорија. Не го прифаќаме овој

Амандман , но јас ги молам и другите предлагачи да ги повлечат тие оти инаку би виселе во воздух решенијата дури и кога би биле усвоени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (11 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 53 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по Амандманот на член 51, по зборовите "јавен повик" да се додадат зборовите "после -второто јавно наддавање", поднесен од Пратеничката група на Социјалистичката партија.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 55, точка 1 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 56 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Амандманот е повлечен.

VI/7.-

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 3 поднесен од Комисијата за економска политика.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, излегувајќи за член 57 сакав да кажам дека не е повлечен ниту амандманот на член 49 што е заклучено по него во мое отсуство. Јас се извинувам што задоцнив, но морам да укажам од практични причини. Не мора, може и така да оди, меѓутоа за членот 49 се однесува од практични причини амандманот затоа што за истата содржина, за истата формулација веќе од претставникот на Владата е усвоен амандман за член 48 и член 51. Се работи за идеален дел на претпријатието. Се работи за интервенција на делот каде станува збор за приватизација, за трансформација...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам сега за овој амандман член 57.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Само сакав да укажам, ако може претставникот на Владата дополнително да се произнесе.

Инаку, ние стоиме и зад членот 57, бидејќи станува збор за залагање за два циклуси во врска со приватизацијата, па инсистираме да стои, веднаш после зборот "акции" и зборовите "во два циклуси на продажба во рок од два месеци".

Овој амандман се предлага со цел да се утврдат циклуси и рок во кој непродадените акции како приоритетни, претпријатието ќе ги пренесе на Агенцијата. Во Комисијата се оцени дека би било попрактично така да се постапува.

Залагајќи се за формулацијата за овој амандман на член 57 став 3, го молам претставникот на Владата ако цени за практично да се произнесе и по амандманот на член 49.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За членот 49 ќе го повикаме пак, сега за овој амандман.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 57 став 3, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Ќе се вратиме сега на еден друг амандман.

Се враќаме на амандманот на член 4 5 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Јас го сфатив господинот Превала порано дека ги повлекува амандманот од Комисијата, меѓутоа овој амандман не бил повлечен. Тој останува во постапка. Да не направиме грешка.

(интервенции од место во смисла да се произнесе претставникот на Владата).

Претставникот на Владата слушаше и ако треба тој оценува и знае ако треба тој ќе се јави.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (29)

VI/9.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 49 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот на член 57, став 3 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски и пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 58 став 1 поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Амандманот го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 58 став 1 поднесен од пратеничката група од Социјалистичката партија на Македонија

Амандманот го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на членот 59 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски и пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Амандманот го повлекуваат.

Пратениците Љупчо Јакимовски и Томислав Стефковски поднесоа амандман на член 59 за додавање нов став 4 по ставот 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 9 за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратениците Љупчо Јакимовски и Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа пратениците Љупчо Јакимовски и Томислав Стефковски предлагаат измена на членот 45 став 2 и истоветна измена и на членот 59. Од истите причини што ги наведов во образложението на ставот на Владата по членот 45, од истите причини не го прифаќаме овој амандман на членот 59.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 59 за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратениците Љупчо Јакимовски и Томислав Стефковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 60 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеничката група на СП на Македонија.

Го повлекувам.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1 поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Има збор господинот Андонов-.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувани пратеници, ова е мошне значаен амандман и мислам дека треба да се обрне поголемо внимание, бидејќи со овој став што го предлага Владата дава можност на идните инвеститори кои сакаат да ги добијат управувачките права во претпријатијата со мал процент, со 20% од следните претпријатија да се здобијат со овие управувачки права, а притоа за 5 години со дивидендата да откупат 51% од капиталот на претпријатието. Мислам дека оваа определба на Владата е доста ризична, бидејќи дава за право во поедини организации, а може да се каже и во сите каде не се профитабилни, рентабилни нема можност за создавање на таква вредност која би довела до создавање на таква дивиденда што може да се откупи капиталот за 5 години до 51%. Мислам дека немаме такви организации толку продуктивни што може да се создаде таква вредност да се откупат 51% од капиталот затоа овие инвеститори се ставаат пред можноста да размислуваат и малку хазардно да се однесуваат, па во краток рок за една до две години да можат капиталот да го прелеат од општествените фирми во други приватни фирми, не мора да бидат нивни, туку под туѓо име и со тоа навистина се става општествениот капитал под една можност да може да биде, вулгарно кажано опљачкани. Затоа мислам и предлагам процентот

од 20% да се зголеми на 40% во овој член за да се создаде една сигурност дека овој капитал на некој начин да биде заштитен, а со ова мислам дека ќе биде многу поквалитетно и преструктирањето на капиталот од општествен во приватен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас немаше да се јавам за збор ако не постоеше уште еден ваков амандман кај приватизацијата на големото претпријатие кој е истоветен ако овој каде се бара зголемување на процентот на почетната приватизација.

Дами и господа, видете, мислам дека сите овде сме свесни дека приватизацијата во Македонија нема да оди така лесно и не е чудно на пример онаа желба преку интерните акции да се почне некаква приватизација затоа што се мислеше дека на тој начин многу побезболно ќе се почне овој процес. Ние, со овој закон правиме едно завртување и инсистираме строго на платена приватизација. Меѓутоа, таа платена приватизација мора да биде таква што ќе овозможи на луѓе кои имаат добри програми, добри идеи кои се подготвени да дадат еден дел од своите лични средства да ја почнат приватизацијата стално да ги стимулираме тие луѓе. Господинот Тиме Андонов веројатно немал предвид уште нешто дека ние извршивме измена на одредени членови и за да се почне ваков тип на трансформација луѓето мора да дадат и хипотека на својот личен имот и со тоа малку ми е страв дека сме го направиле законот престрог, меѓутоа, бидејќи беа такви барањата од ова Собрание ете дозволивме Собранието да влијае во тој смсиол на

Законот за да не се дозволи некоја злоупотреба. Меѓутоа, ако сега уште и ова го измениме ја ви гарантирам дека не може да има приватизација. Ова едноставно ќе запре секоја приватизација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Андонов.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Сакам да дообјаснам министерот рече дека сум немал во предвид дека Владата веќе е коригирана баш на база на овие амандман што беа предложени Владата предложи одредени промени во други членови, односно ја појдов од тоа што надзорните одбори во другите членови што се предлагаат ќе се спречи една трансформација или ќе се измешаат ингеренциите на луѓето што ќе откупат дел од претпријатието за да се брзо трансформираат и надзорниот одбор а баш за ова јас предложив во овој амандман да се зголеми учеството на инвеститорите на купувачите на управувачките права а додека надзорен одбор да се избрише. Сега Владата има прифатено надзорен одбор да се избрише. Но, нема прифатено да процентот се зголеми. А друго е тоа што се става хипотека над имотот личниот имот тоа не е никаква гаранција бидејќи личниот имот може да биде многу мал во споредба со вредност од капиталот што се наоѓа во претпријатијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, за мене овој амандман е наполно прифатлив затоа што при општата расправа за овој закон напомнав дека при вакви едни услови за преземаше на управување на претпријатијата

како што е во членот 62 со 20% може да се јават одредени аномалии односно без разлика што Владата после предвидела дека ќе им се стават хипотеки на приватната сопственост на тие управувачи односно која овде го образложував и мојот концепт односно модел, напомнав дека може на овој начин со вложување на 20% од средствата да одредени средни или големи претпријатија се доведат во таква позиција да тие лица односно странски конкурентни фирми на тие лица им понудат без разлика може да има тој 50 илјади марки са помнам уште еднашка своја сопственост приватна која ќе му биде ставена под хипотека меѓутоа одредена фирма да му понуди 150-200-300 илјади марки за да ја упропасти фирмата која му е дадена на управување без разлика што вели дека ќе понуди квалитетна програма, квалитетната програма е само предуслов, меѓутоа не значи дека на крајот и ќе биде успешна таа квалитетна програма. Односно може да повторам со вложени 20% да се на некој начин одлеат, да речеме 60% или 70% од фактичката вредност на тој капитал и со тоа фирмата да се доведе во стечај таканаречен фиктивен стечај зашто такви работи се случуваа и досега со прелевање на тој капитал општествен во приватни фирми со разни трансакции, што значи за мене ќе повторам овој амандман приближно се доближува до моите размислувања околу начинот на управување на овие фирми каде што се предлага да бидат до 20% и за мене со процентот 40% влог на можниот управувач е наполно прифатливо затоа што 40% сепак е некаде тука до таа реалност што би требало и со онаа хипотека што му се ставила на неговата лична сопственост на тој иден управувач. Значи, за мене е амандманот наполно прифатлив и би ги замолил пратениците кои се присутни тука на некој начин да ги заштитат нашите фирми со изгласување на овој амандман.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (26)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 62 став 1, поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1, поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Дали некој бара збор?

Збор има господинот Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Нашиот амандман е нешто сличен во однос на претходниот на членот 61 став 1 со таа разлика што ни е со нашиот амандман предлагавме зборот "20%" да се зголеми со "51%". Во прилог на образложението чувствувам потреба да кажам дека доколку се прифатат ваквите измени се обезбедува:

Прво, спречување на злоупотребите , потоа управување врз база на сопственост и се разбира поголема правичност.

Сметам дека не може со 20% купени средства да се управува со 80% капитал на претпријатието. Управувањето подразбира поседување на контролен пакет на акциите, делот кој нема да биде откупен да се стави на лицитација.

Од тие причини инсистирам да го прифатиме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (17).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 62, став 1 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот на член 62, став 1 и за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 62, став 1 и за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 3 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

(Го повлекуваат)

Отворам претрес по амандманот на член 62 за менуваше на текстот на ставот 4, поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

(Го повлекуваат)

Отворам претрес по амандманот на член 63, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски и пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

(Го повлекуваат)

Отворам претрес по амандманот на член 63 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

(Го повлекуваат)

Отворам претрес по амандманот на член 6 3 за бришење на став 3 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

(Го повлекуваат)

Со оглед на тоа што Владата на Република Македонија поднесе амандман за бришење на член 64 кој е составен дел на текстот на Предлогот на закон, амандманите поднесени од пратениците Тиме Андонов, Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски за бришење на членот 64 се исто така составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 5 поднесен од пратеникот Тиме Андонов и пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

(Го повлекуваат)

Отворам претрес по амандманот на член 65 за додавање нов став 3, поднесен од пратеничката група на Социјалистичка партија на Македонија.

(Го повлекуваат)

Отворам претрес по амандманот на член 66 за менување на текстот на став 3, поднесен од пратеникот Симеон Наумовски.

Пратеникот Томислав Стојановски и пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

(Сите го повлекуваат освен Томислав Стојановски и Симеон Ивановски).

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и госпоѓа, ако јас го повлечам амандманот, тогаш сметам дека целата одредба од членот 66 нема потреба да стои во овој дел. Причини. Владата ми одговара дека само за општествен капитал може да се допушти попуст. Јас го прифаќам тоа како размислување. Меѓутоа, ако во предложениот текст говори дека ќе се издадат акции за дополнително вложување по законот за Хартии од вредност, тогаш што му беше потребно во став 3 да говори дека овие акции се без попуст. Ако немал намера предлагачот да говори дека се ова акции од општествен капитал, туку се за дополнување, тогаш ова е непотребно, доаѓа како вишак и јас затоа ако има нешто да се трансформира, без разлика што ќе биде, давам да биде со попуст. Ако не е, тогаш текстот нека биде без тој дел и тогаш навистина ќе има смисла дека е хартија од вредност која се пишува во смисла на предложениот закон односно на законот на кој се повикува. Норма но е дека овие средства се распишуваат за дополнително вложување што значи на фирмата и треба дополнителен капитал кој ќе оди во развој. Тогаш се повикуваат на издавање на акции по општите начела на законот за хартија од вредност и таму се предвидуваат услови какви се овие акции, која цел ја имаат, дали да собираат пари или да прават некој друг фонд или што ќе чинат, меѓутоа, таму е тоа разрешено. Овде што имал предлагачот за цел да каже дека не се. Ако ги отстраниме надвор од овие со попуст зошто е ова? Ако се со попуст, нека биде со попуст.

Не ми е јасно едно зошто се определил предлагачот кога распишува акции за дополнително вложување да се повикува на овој закон и за нив да предвидува неможност за попуст, кога има третман по друг закон. Ако одат во трансформација, тогаш нека ја делат судбината како сите акции. Тоа ми е проблемот.

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот министер без ресор.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Видете дами и господа во едно сигурно господинот Стојановски има право можеби не требаше тука да се спомнува дека се без попуст. Зошто го направивме тоа^ Заради специфична историја која ја имаме ние во нашата земја. Во нашата земја имаше еден друг закон - закон за општествен капитал каде практично имотот се приватизираше со попуст, а методот беше додатно вложување. Токму онака како што гласи оваа глава. За да едноставно се избегнат забуни, некој да не мисли дека продолжува таа традиција вложуваш додатен капитал до капитализирање, како што се викаше, а со попустот го приватизираш општествениот капитал. Ние внесовме за оние луѓе кои евентуално би можеле погрешно да заклучат да биде појасно дека тие акции се без попуст. Инаку, стои дека во законот за хартии од вредност оваа работа е регулирана. МИ се чини дека ќе избегнеме непотребни прашувања, непотребни недоумици на овој начин и затоа е добро да стои во текстот. 99,9% од приватизацијата во Македонија е правена токму на овој начин до капитализација со попуст и тука едноставно јас кажувам дека тоа не оди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојановски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 67 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски и пратениците Драги Арсов, Петар - Темелковски и Драги Гроздановски.

(Го повлекуваат)

VII/10.-

Отворам претрес по амандманот на член 68, поднесен од пратеникот Томислав (Стојановски.

(Го повлекува)

Пратениците Љупчо Јакимовски, Томислав Стефковски поднесоа амандмани на член 68 за додавање нов став 3 по ставот 2 за кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 68 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Љупчо Јакимовски и Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Се работи за иста промена од исти причини Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали го повлекувате? (Го повлекуваат)

Отворам претрес по амандманот на член 72, поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Има збор господинот Андонов.

VIII/1. - ПЈ/МЛ

**ТИМЕ АНДОНОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Амандманот е ист како амандманот на член 64, само овде се предлага вложување од 10% да се зголеми на 30%. Сакам да истакнам дека ми е жал што амандманот на член 64 не се прифати, а ќе бидеме сведоци на образложението што го реков, на едно прелевање на општествениот капитал и на растурање на досегашните претпријатија. Амандманот останува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор

Господин Стојков бара збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

За мене овој амандман е делумно прифатлив, но и под вакви услови би гласал за овој амандман од следниве причини. Како што напомнав и за следните претпријатија, големите претпријатија, да ја земеме за пример една Железара, Металски Завод, Југохром, да го земеме еден Чик, Топилница итн., исто како што кажав пред малку и за следните претпријатија со една ваква можност одредена конкурентска фирма да му даде на некое лице, да кажеме, во Република Македонија 10% од вредноста, иако е голема вредноста на овие фирми, теоретски тоа може да се случи, затоа што конкуренцијата нема граници, значи, за 10% да се откупат правата на управување во овие големи фирми и некаде за една ипол до две години по 10 ч 12 илјади вработени или пет илјада вработени да останат на улица со тие фиктивни стечаи, а за тие 10 вложени проценти или 100 илјади сега ќе му биде хипотеката на тој што ќе има своја лична сопственост може да изгубиме многу повеќе, односно овие фирми како што ги набројав, тоа е теоретска можност да бидат уништен, со тоа што, кој ќе врши контрола да прашам. Контролата треба да се состои во хипотека, а хипотеката може да биде, односно

чекот може да биде од 50 иљади лична сопственост или 100 иљади марки, меѓутоа, овие ќе му дадат и 4 00 иљади марки само да им сврши работа на тие конкурентски фирми, зашто да не заборавиме, една Железара произведува бродски лимови. Ако некоја друга железара произведува бродски лимови, каде што нашава железара може да ч биде конкурент, сигурен сум дека таа ќе вложи пари само да го уништи тој конкурент. На една ваква слична солуција беа решени Словенците со нивните железари, тоа го кажав и повторно ќе го повторам. Меѓутоа, сфатија што може да им се случи и ваквата можност ја отфрлија. Во тоа е суштината. Што правиме ние ако еден Југохром, исто така, ни се упропасти. Или еден Металски Завод Тито кој произведува, иако сеуште го носи името Тито, произведува тие ЦМЦ машини односно нумерички управувани машини со една јапонска лиценца, мазак итн. Што ќе ни се случи ако противничка фирма вложи во тој Металски Завод Тито и сега можноста за продаваше на тие ЦМЦ машини каде му се планирани на Металски Завод утре пет иљади вработени да останат без работа. Во тоа е суштината. Мислам ова предложено вака да биде 30% од вредноста на фирмата, сепак, се доближува, затоа кажувам, делумно за мене е поисправно, отколку она што е најисправно 51%. Меѓутоа, кажавме дека немаме капитал итн., мислам дека ако сите пратеници овде се заинтересирани утре да немаме социјални случаи од по 50,или 60 иљади вработени во овие големи фирми, би требало овој амандман барем со 30% што е предвидено за учество, да го прифатат. Затоа што без разлика партиципираат во ова Собрание и повеќе партии, меѓутоа, за сите тие партии гласале можеби некои од Металски Завод ч од Железара и од Југохром и од Ччк итн. Затоа, добро размчслете, почитувани пратеници дали оваа можност од 10% што ја дава Владата односно 15 е издржана и што може на овие големи фирми да им се случи

Уште еднаш апелирам да размислите малку и да гласате за амандманот на господинот Тиме Андонов.

Уште една работа сакам да кажам, мислам ако со вакви амандмани се сложуваме со поедини пратеници од Либералната партија, за мене на повидок е дека можеби па«еден месец или два, навистина, ќе се случи некоја нова коалиција, која ќе види дека овој закон ако заживее дека шема да издржи и ќе може да имаме една нова Влада со учество на либералите, Социјалистичката партија, ВМРО-ДПМНЕ ч нормално ако ја прифатат програмата на таа коалициона Влада ч ПДП-НДП, се разбира, и Партијата на Петар Гошев.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Задржувајте се на амандманот, ве молам.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

14 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 72 поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Отворам претрес по амандманот на член 72 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски. (Го повлекува.)

Отворам претрес по амандманот на член 77 став 1, поднесен од Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 79 за бришење на став 2 ч на став 3, поднесен од пратеникот Трајан Мицевски. (Амандманот е повлечен).

Отворам претрес по амандманот на член 7 9 за бришење на став 3 поднесен од пратеникот Тиме Андонов. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 82 за додавање нова алинеја 1 поднесен од пратеникот Ефтим Манев. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 8 5-а поднесен од пратеникот Трајан Мацевски. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 87 за додавање на нов став, поднесен од пратеникот Трајан Мицевска. (Амандманот е повлечен)

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 88-а поднесен од пратеникот Горѓи Котевски. (Господинот Горѓи Котевски не е тука).

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на нов член 88-а, поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 88 по член 87 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот. 0бјаснувањето е следното. За нетрансформираниот дел од општествениот капитал претпријатијата

VIII/5.-

издаваат приоритетни акции на агенцијата на која што плаќаат дивиденда од 2%. Зошто е ова направено вака, едноставно господа, сакаме да ја забрзаме трансформацијата и за оние што ќе почнат ние да направиме премногу скапа да мора да се откажат. Ова е една од тие мерки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници не сме задоволни од одговорот и од образложението што го даде министерот и во прилог на вашиот амандман сакам да го кажам следното. Имено, после членот 87, ние предлагаме нов член кој гласи: "Претпријатијата и другите правни лица кои користат општествен капитал се должни да плаќаат камата за користење на тој капитал во висина на есконтната стапка на Народна Банка на Република Македонија". Со уште еден став: "Начинот и постапката за примената на ставот 1 од овој член, ќе ги пропише Владата на Република Македонија". Сметам дека овој амандман што го дадовме е во духот на приватизацијата што ја најавува овој закон и во духот на акционерските односи и во духот на слободниот пазар за кој што се залагаме. Во прилог на образложението, исто така, чувствувам за потребно да кажам дека во услови на приватизација сите правни лица кои стопанисуваат треба да работат под исти услови. Имено, ако едно претпријатие нема средства и позајми капитал на пазарот, плаќа камата. Ако општествените претпријатија користат бесплатно општествен капитал ќе бидат привилегирани, сигурно, ако ова не се прифати. Затоа, инсистираме и го додаваме овој амандман со цел до приватизацијата, која што се нуди овде треба да се плаќа камата, која ќе биде приход на агенцијата. Оваа економска принуда ќе биде во функција на побрза

постапка на приватизацијата во нашата Република.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор„ го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 88 по членот 87 поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот на член 89 за додавање нов став од ставот 3, поднесен од Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 90, став 3, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Дали го повлекува? (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 90 за додавање нов став поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.(И тој амандман е повлечен).

Отворам претрес по амандманот на член 91, поднесен од Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 93, став 2, поднесен од пратеникот Петар Горгиев. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 93 за менување на текстот на став 2, поднесен од пратеникот Иван Иванов, Комисијата за

економска политика & "развој и Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија. Останува ли господине Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Од поднесениот амандман кој се однесува на агенцијата во делот на нејзиното финансирање, како сум информиран, Владата го има прифатено првиот став, тоа значи делумично го има прифатено амандманот, додека другиот дел од амандманот ставот 2 не го има прифатено Владата. Ја мислам дека и ова решение заслужува внимание и дозволете да кажам кои беа побудите мои за да го предложам и да го задржам моето мислење и за ставот 2. Лично мислам ако се оградивме од ставовите да доделуваме бесплатни акции, да даваме могучност на оние кои што го створале капиталот во изминатите педесетина години, тогај за мене е неприфатливо да делот од средсвата кои што ќе бидат како предмет на работење понатаму со општествениот капитал, да бидат извори на средства за финансирање на агенцијата. Тоа мислам дека претставува една иронија на понуденото решение иако таа агенција верувам и сум длабоко убеден дека треба да заврши една мошне важна работа. Меѓутоа ако е тоа одреден орган на државата, знае се дека тие органи, дека требе да бидат финансирани и да паднат на јавната потрошувачка, односно по конкретниот случај тие треба да бидат финансирани од буџетот на Републиката. Од тие причини сметам дека апсолутно овој дел од амандманот држи место, а преку тоа ќе се обезбеди и една поголема контрола и рационалност на трошењето на средствата и на агенцијата и на овој дел на прелевањето на средствата кои што ќе бидат и како извори од општествениот капитал, кој што е и предмет на трансформацијата.

Како што и на почетокот нагласив, за мене е иронија да се овие средства трошат од страна на агенцијата преку решението кое што го

предлага Владата. Од тие причини предлагам да го прифатите и вториот став на овој предложен амандман на член 93.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? Господин Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас во прилог на ова што веќе беше изложено од колегата Иванов, а тргнувајќи од амандманот на Комисијата за економска политика и развој, сакам да додадам дека со амандманот што е даден, барем од Комисијата за економска политика и развој се сака да агенцијата ја одигра улогата на механизам за насочување на трансформацијата и на забрзување, односно контрола врз процесот на трансформацијата, а не таа да се трансформира во некој центар за отуѓена економска моќ. Така ако се остави да таа се финансира од сопствени приходи, мислам тоа се оценуваше и заради тоа и беше амандманот кон нејзиниот прв став да таа има свој финансиски план, но иако и Комисијата за економска политика и развој се залага за тоа да агенцијата се финансира од Буџетот, како би сите средства што би се собрале во агенцијата бидат наменски насочени за целите што се предвидени под ова, за член 94. Мислиме дека на таков начин ќе се има една појасна слика, почиста сметка, ќе се знае што се средства собрани во агенцијата согласно трансформацијата, а што се средства пак за обавување на функцијата на агенцијата. Затоа и јас сум за тоа овој амандман да се поддржи и на таков начин да придонесеме да работите да се разграничат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? Министерот Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Во друг случај не би одговорил. Меѓутоа, дали предлагачите сакаат агенцијата да ја направат потполно под власта на државата и дали се спремни задутре кога ќе го разгледува ова Собрание

Буџетот да предложат зголемување на Буџетот на Републиката заради финансирање на работата на агенцијата. Господа, вака кога ќе го кажам сами гледате колку е ова барање неиздржано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. 26 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 93 за менување на текстот на став 2, поднесен од пратеникот Иван Иванов, Комисијата за економска политика и развој и пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија.

Ги молам пратениците нека не излегуваат постојано и нека не влегуваат, затоа што многу е променлива состојбата во салата.

Ве молам, викнете ги сите пратеници нека влезат тука, затоа што беа 66.

IX/1 НН/ЛБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 93 за додавање нов став по ставот 3 поднесен од пратеничката група на Социјалистичката група на Македонија.

Амандманот го повлекуваат.

Отворам претрес по амандманот на член 94 став 1 поднесен од пратеникот Петар Георѓиев.

Тој го повлекува амандманот,.

Отворам претрес по амандманот на член 94 алинеја 2, под- несен од Законодавно правната комисија.

Овој амандман на комисијата е прифатен од претставникот на Владата. Во мислењето писмено што го дава Владата не е прифатено.- Го молам претставникот да објасни што важи.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

Важи писменото мислење на Владата заради тоа што покасно е можно поинакво толкување на трансформацијата. заради тоа инсистираме овде да се врзе со зборовите "сопственичка трансформација" затоа што во овој закон се врши сопственичка трансформација. Во други закони, или во други процеси може да се врши друг вид на трансформации од тука е битно да се назначи дека ова се однесува на сопственичката трансформација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 94 став 1 алинеја 2 поднесен од Законодавно – правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 94 поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Пратеникот го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 94 став 2 поднесе од пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 95 став 1 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Амандманот е повлечен

Отворам претрес по амандманот на член 96 став 2 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Во врска со овој амандман сакам да потсетам дека ние расправајќи за амандманот по член 17 претставникот на Владата се произнесе за и мислам дека аналогно и во член" 96 став 2 треба да се примени истата формулација. Тоа значи дека соопштенијата за приватизација треба да се објавуваат и во весниците на јазиците на народностите.

Претставникот се согласи и во таа смисла овој амандман треба да се прифати.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас уште при првиот член го прифатив амандманот на господинот Шабан Превала и другиот пратеник, па и во овој член, член 9 6 го прифаќам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро,прифатен е амандманот.

Ве информирам дека пратениците Шабан Превала и Џелил Таири го повлекоа амандманот на член 9 6 став 2 а во меѓувреме поднесоа нов амандман на овој член.

IX/3

Отворам претрес по амандманот на член 96 став 2 поднесен од пратениците Шабан Превала и Џелил Таири.

Го повлекуваат овој амандман,бидејќи тоа е решено.

Отворам претрес по амандманот на член 96 став 3 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го повлекуваат амандманот

Отворам претрес по амандманот на член 99 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

За да им објаснам на оние кои што немаат преглед на ситуацијата, се работи аз промена на членот 99 каде што господинот Петров предлага зборот "општествени"да се замени со зборот "странски Владата овој амандман не го прифаќа- Господинот Петров претпоставува дека се работи за техничка грешка, меѓутоа не "се работи за техничка грешка.

Имено, се работи за промена на местото на претпријатието. Во случај ако претпријатие е сопственост на странско лице тогаш за промената на седиштето на претпријатието не е потребна дозвола од министерството бидејќи се работи за туѓа сопственост. Меѓутоа, дозволи за промена на седиштето на претпријатието е потребна од еден државен орган во оној случај кога се работи за капитал кој што е сопственост на граѓани на Македонија. Затоа така и сме го формулираме членот.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 102 став 1 за додавање нова точка 14 поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

ова е повлечено.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 103-а поднесен од пратеникот Тодор Петров. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Господинот Тодор Петров го поднесе овој амандман со кој бара практички воведување на ново кривично дело, мене ми е намерата на господин Петров апсолутни и разбирлива и блиска , меѓутоа, ние не можеме да го прифатиме амандманот затоа што во законот за трансформација со општествениот капитал се содржани веќе високи парични казни за правното лице, како и за одговорното лице кое што во рамки на правното лице ги повредува пропишаните одредби. Кривично правната заштита е обезбедена со кривичниот закон на РМ и сите кривични дела практички и овие што ги предлага господинот Тодор Петров со амандманот, се содржани во одредени одредби на кривичниот закон. И оттука нема потреба да се дуплираат тие кривични дела на две места, едноставно содржани се во кривичниот закон

**СТОЈАН АНДОВ :**

Дали уште некој бара збор?

Господинот Петров бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека не станува збор за никакво дуплирање на одредби од кривичниот закон, туку ветувам дека оние кои што ќе го гласат и врз кои ќе се применуваат одредбите од овој закон, кои што во темел ги менува вкупните општествено - економски и сопственички односи во државата, ќе овозможи да им биде совеста почиста и да имаат помирен сон.

Во законодавството не е некое неправило да одредби од кривичното законодавство бидат вградени во други материјални закони и бидејќи токму се донесува закон кој што ги менува сопственичките односи во стопанството и во корен ќе го промени и економскиот и политичкиот живот во државата што значи еден од законите со кој се спроведува темелна реформа на државата сметам дека е потребно да се вгради посебна одредба која што ќе гласи, оној што ќе изврши каква и да е работа ќе превеземе дејствие или склучи акт со намера да го оневозможи или отежне спроведувањето на овој закон, а особено оној што ќе уништи, оштети, сокрие, отуѓи, оптовари или на кој и да е начин е намали вредноста на општествениот капитал на правните лица или ќе даде неточни или непотполни податоци за општествениот капитал ќе се казни за кривично дело со казна затвор од 5 до 9 години. За работите од ставот 1 на овој член ќе се казни за кривично дело со казна затвор од 5 до 9 години и одговорното~лице на правното лице. Сметам дека на ваков начин концентрирано на едно место ќе се обезбеди заштита на општествениот капитал од можните манипулации и малверзации, а сметам и дека не постои никаков страв кај оние кои веќе се трансформирале ако тврдат и пред себеси и пред пошироката општествена заедница дека досегашната трансформација со ниту еден акт и ниту едно дејствие не ја загрозиле или ги пречекориле овластувањата и правата што ги имале според досегашните прописи од законот за општествен капитал и Законот за личните доходи превземени како државни македонски закони и на тој начин сметам дека ќе се обезбеди поефикасно спроведување на законот а и на оние лица кои што ќе работат врз директно и контролата на спроведувањето на одредбите од Законот. Затоа сметам дека би требало после членот 103 да се додаде нов член 103-а кој ќе гласи во текстот како што пред малку го прочитав.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Намерата на Петров ја разбирам, бара заштита на оние кои ќе учествуваат во намалувањето на вредноста на капиталот, и спречување за спроведување на овој закон. Меѓутоа не вообичаена забрана се дава спречување на спроведувањето на овој закон како битие на кривично дело од кривично правно гледан аспект, таква работа, на спроведување на закон не може да биде инкриминација од кривично правна смисла. Тоа е едниот дел што го ставам во свое размислување и му советувам на Петров пред да се стави предлог на гласање да изврши прецизирање , од тој елемент да отстапи.

Второ, интересно е размислувањето околу запретената казна. Дава казна распон 5 години-9, што значи дека минимална казна треба да биде 5 години, а сега кога минимална казна се определи минимумот нема разбирање, нема пропорција помеѓу максималната запретена казна. Деветката не е вообичаен број, ниту некаде се споменува, меѓутоа ако се говори за минимум казна од 5 години тогаш кривичниот закон кореспондира со однос 5 години и максимална казна. Јас не знам што го раководеше господин Петров кога избра ваков начин на однос на казните во дадениот предлог за ова ново кривично дело. Затоа сметам дек не е направен соодветен избор на запретената казна. Сега како предлагач јас треба да се јавам со амандман на негов амандман. Нека размисли, размисли да има казна со запретеност до 10 години, па може да каже да се казни со 10 години. Тогаш ќе биде минимумот 1 година и другото, тој распон ќе биде за избор на судиите, ако биде прифатена ваква казна, ново кривично дело покрај она што го предлага и предлагачот.

IX/7

Инаку господа пратеници јас ќе го дадам генерално мојот став, имам свое размислување, не сум кривичното законодавство така да се расфрла, од еден во друг закон. Снагата на една држава е ако успее кривичното законодавство да има кодификација и тоа да се знае. Избор на еден ваков систем не води на добра работа. Затоа и го критикував и самиот предлог на закон и затоа не се придржувам во размислувањата на овој дел.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Можеби не е вообичаено, како што кажа претходниот пратеник кривичната материја да биде расфрлена во повеќе закони. Не е вообичаено за држави кои имаат 30 0 години пракса приватна сопственост и сопственички односи, меѓутоа не може да биде невообичаено за држава која после 50 години носи еден закон за да ги промени сопственичките односи со што радикално се менува вкупната општествена положба и на капиталот и на односите на луѓето во државата. Зошто е одбрана деветката? Во досегашната практика немало таков распон на казни. За тоа нека мислат тие што ќе го прекршат законот, а во овие 50 го- дини ние прв пат ја менуваме сопственичката структура на односите во стопанството и не гледам невообичаености во изборот на 9 како максимална казна која се предвидува судиите да ја донесат во постапка што ќе биде покрената за евентуални пречекорувања, за евентувални отежнувања за спроведувањето на законот. Пред се се бара ваквата формулација на одредбата има превентивен карактер за правилно спроведување на одредбите од целиот закон. Инаку ќе добие третман законот за легализација на досега против законски спрове- дената трансформација. Од причини што и по законот, по кој се ° вршеше трансформација, законот за општествен капитал не предвидуваше никаква санкција за евентуално санкционирање на одделни дејствија и активности кои нема да бидат во согласност со одредбите на законот. Токму заради тоа во практиката се

јавија многу девијантни состојби пред се во примената и издавањето на интерните акции. Ние за фактичката состојба и не добивме можност да се запознаеме каква е заради тоа што и по барање на Владата од надлежната служба за општествено книговодство ние и до ден денес како пратеници и како законодавен орган на власта на државата воопшто не знаеме што од општествената сопственост и капитал досега е трансформирано, приватизирано и на кој начин. И затоа ќе не доведе во една ситуација кога ќе дојде до примената на законот многу одредби дополнително да ги толкуваме да ги дополнуваме, да ги менуваме во нешто друго.

Сметам дека формулацијата на овој член, како нов член после членот 103 ќе делува превентивно и сметам дека ќе им овозможи чиста совест и мирен сон на сите оние кои досега спроведоа или ќе помислат да ја спроведат трансформацијата според одредбите на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој друг бара збор ? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (6 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 103-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 104 за додавање нов став 5, поднесен од пратеникот Трајан Мицевски. НО, тој го повлече.

Отворам претрес по амандманот на член 106, став 3 и 6 , понесен од пратеникот Иван Иванов. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 107, поднесен од пратеникот Ефтим Манев. (Го повлекува)

Отворам претрес по амандманот на член 107, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. (Поднесен на 8.о6.1993 година).

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Би требало само да знаеме дали претходниот член 107 од господинот Ефтим Манев е повлечен и заменет со овој текст.

Видете, и на овој член мораме горе долу да одговориме така како што одговоривме и на претходниот, не го прифаќаме амандманот. Со решението на став 1 од членот 107 се сака контролата да се насочи кон претпријатија каде постои основано сомнение дека е оштетен општествениот капитал. Ако се прифати предложениот амандман од став 1 сите претпријатија би биле подведени под сомнение дека работат надвор од законот. Општа контрола за спроведената трансформација на законот за општествен капитал е веќе. предвидена, во членот 104 од законот. Граѓанинот може да покренува иницијатива или до агенцијата или до другите надлежни органи. Ако се прифати амандинот на став 3,

се поставува прашањето кој е бројот на граѓани кои можат директно, оти тоа горе долу се бара, да поднесуваат иницијатива до организацијата за овластена контрола. На ваков начин би се создал еден вид на општествена контрола, која со новиот граѓански Устав е напуштена како социјалистички идеолошки рецидив. Инспекциските органи вршат, пред се, репресивен надзор односно се грижат за спроведување на законите, според законите кои важат во Републиката секој инспекциски орган во рамките на своите надлежности може да покрене иницијатива пред јавниот обвинител и јавниот правобранител кога констатира отстапување од законите, а кои не може да ги санкционира со свои овластувања. Она што се бара со овој став, мислиме дека е релативно коректно решено во постојниот текст на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, сметам дека одговорот на министерот повеќе се однесуваше на првиот амандман кој е повлечен од моја страна.

Амандманот на членот 107 е во сосема обратна корелација со

Предлогот на законот со членот 107 кој е даден и разликата се состои во тоа. Членот 107 овозможува контрола, тоа што зборуваше министерот дека е решено со членот 104, ова воопшто нема врска помеѓу одредбите во членот 104 и членот 107. Членот 104 врши контрола на општествениот капитал во делот кој е трансформиран.

Х/3.-

Дали правилно е спроведена трансформацијата согласно Законот за општествен капитал и Законот за лични доходи. Членот 107 говори сосема друга работа. Членот 107 се осврнува на целогодишната работа или повеќе на овој парламент каде во неопределен број случаеви поголем број на пратеници зборувавме дека општествениот имот е испокраден, направен е грабеж. Сите тие состојби ги слушав- ме и на улица и сметам дека овој амандман Владата да се огради односно одбрани од таквите напади, требало таа да го приложи.

Кога ќе се врши контрола дали од~ СОК или било кој друг орган истовремено и овие работи може да ги провери тој орган, а овде говори за материјално финансиско работење поготово работењето меѓу општествените и приватните претпријатија каде има прелевано доход, каде се сомнева. Владата во членот 107 зборува за основано сомневање. Доколку постои основано сомневање нема потреба од никаква контрола. Тогаш каде се даваат овластувања на јавниот обвинител да побара контрола, а ако постои основано сомневање тој директно оди на суд, бара истрага, нема што да бара да се спроведува контрола. Решенијата на амандманот ги укажуваат сите состојби кои се наведени во членот 107 од Владата само овде облигаторно се врши контрола, а Владата дава можност ако некој од тие органи агенцијата, јавниот правобранител или јавниот обвинител по своја иницијатива побараат да се изврши некаде контрола. Сметам дека таква контрола ниту еден орган од тие нема да изврши, поготово јавното обвинителство или правобранителство. Тие и сега ги имаат тие ингеренции. Со Законот за јавно обвинителство и јавно правобрнителство и те како се овластени каде се сомневаат да поведат постапка каде е оштетен општествениот капитал или е нанесено штета. Оттука би молел овој амандман да биде прифатен како би ова Собрание и ние како пратеници не би оставиле

хипотека да кажат дека Собранието ги дозволи оговарањата дека се изврши грабеж или кражба на општествениот имот.

Исто така со еден ваков амандман кој ќе биде вграден во законот и кога ќе биде извршена таква контрола и поголем број на луѓе кои и денеска се осомничени, се сомнева дека нешто направиле, ќе имаат малку почисто лице пред граѓаните, бидејќи ќе се изврши таква контрола и ќе се констатира дали има извршено такво прелевање на тој општествен капитал или нема од одредени лица и во одредени претпријатија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, овој амандман се вклопува во ставот кој го изнесов кога се говореше за општиот дел во начелата на законот, кога говорев за стечајно право и за злоупотреба на правото, кога говорев да имаме сигурност во она што е направено, како е направено и зошто е направено. Да се надмине расправата околу личностите учесници во продажбата на капиталот тој што продава и и тој што купува тој ја одредува цената и самиот ја дава истата.

Овде во овој амандман на господинот Ефтим Манев јасно стои што треба да се направи. Треба да се изврши ревизија дали навистина по било кој закон ќе продаде она по која цена , како, зошто и на кого. Ако е усогласат овие три елементи и имаат содржина едно  со друго, тогаш

навистина ние нема да говориме и да критикуваме некој дека еве со помош на овој закон или со оној добил неквалитетен односно квалитетен имот.

Затоа јас предлагам овој закон сега да воведе мерка контрола на спроведените одредби од Законот на Анте Марковиќ и за платите. Оваа контрола јасно ќе ни покаже дали навистина што некој од нас меѓу кои сум и јас, имаат фирма која имала вложуваше на повеќе стотици милиони долари, сега во проценката направила да вреди два милиони марки и така се распоредиле акциите и се извршила целосна трансформација со овој закон афтоматски таквата трансформација ќе дојде под контрола . Без овој амандман таква контрола нема да има затоа што јавниот обвинител нема на што да се заснова да дојде да гони некој што направил. А, ако дојде сомнение, како што рече колегата Ефтим да има сомнение, тој не моли никој, нему законската должност му е да гони за дела што се гонат по службена должност. Тој никого не прашува, не решава претходно прашаше. Овде за да не би било се црно. Да не дојде сега јавниот обвинител да се јавува како корекција судот да биде тој кој ќе одобрува или оспорува извршена трансформација со еден акт на проверка по однос вредност плаќање, ќе се добие она што се бара. Се бара дали навистина вредноста на капиталот отишол во стварна или фиктивна вредност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам , ќе му дадам збор на господинот Петров, сакам само да не одам долу да кажам нешто , мислам дека ова е многу значајна материја и нека ми се дозволи од овде да кажам или Владата да не убеди дека постои веќе дефинитивен механизам или да го прифати амандманот заради тоа што мислам дека не смееме да дозволиме да

има дилема дека со овој закон ќе пројадат махинациите кои порано биле направени. Треба да се обезбеди сигурен механизам дека сите евентуално направени махинации ќе бидат откриени и ќе бидат поништени . Затоа треба да ни каже претставникот на Владата.

Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ако не постоеше сомневање во не спроведување или изигрување на одредбите до законот за општествениот капитал, немаше да има потреба да носиме нов закон, закон за трансформација на општествениот капитал што сега се наоѓа на дневен ред. Затоа сметам дека помеѓу членот е предложен од Владата и овој од пратеникот Ефтим Манев има суштинска разлика.

Суштинската разлика се состои во тоа што Владата предлага формулација доколку постои основано сомневање да може да се спроведе контрола. Меѓутоа, бидејќи оценката за основано сомневање е субјективна , прашање е оној што ќе ја донесе дали воопшто ќе ја донесе и дали ќе спроведе или не контрола на досега спроведената трансформација. Според одредбите на Законот за општествениот капитал кој ќе престане со донесувањето евентуално на овој нов текст на закон.

Она што е предложено во членот 107 предвидува задолжителна контрола од предлагачот пратеникот Ефтим Манев која по сила на законот ќе мора да се спроведе со што е отстрането субјективното право кај поединци надлежни органи утврдени со законот , агенција, Влада доколку сами утврдат елементи на основано сомневање да преземат или не преземат мерки за надзор и контрола за спроведената трансформација. Затоа мој предлог е и лично така ќе гласам овој амандман на пратеникот Манев да се усвои.

X/7.-

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Секој вид на контрола кој можевме да го спроведеме според постојното законодавство го вградивме во овие закони. За една работа мораме да бидеме сите свесни . Има работи кои се случуваа во општеството, а кои , за жал, според постојното законодавство беа можни. Вие, такви работи и покрај најдобрата желба не можете да ги вратите назад, заради тоа што постојното законодавство ги правеше како можни. Меѓутоа, тие работи беа надвор од трансформацијата. Ние во трансформацијата контролираме сета извршена трансформации како се извршила, што се извршило. Имаше и една друга појава на претворање на основни средства во обртни средства и потоа преку таа трансформација исплаќање на лични доходи. Меѓутоа, тоа беше дозволено според постојните закони. Ние долго време баравме начин таков тип на претворање на средствата да го спречиме, меѓутоа, за жал, тоа беше санкционирано со постојните закони. Сега не можеме да воведеме некаква ретроактивнсот на луѓето да имречеме тоа право што Ви го давал поранешниот закон не можете да го добиете. Едноставно секој вид контрола во трансформацијата го предвидовме во овој закон, жал ми е што не можевме повеќе, меѓутоа толку колку што можевме тоа го направивме. Ми се чини дека целата трансформација фактички ќе биде контролирана.

Ова за што Вие говорите е нешто друго вон од трансформацијата

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

По се изгледа со министерот не се разбираме по предложениот амандман на членот 107.

Предложениот амандман по членот 107 бара ревизија и контрола на незаконитото работење. Не бараме ние тоа што било со законот.

Тоа што било со законот, тоа е легална работа. Членот 104 бара нешто друго, кај општествениот капитал за трансформација на општествениот капитал по основ на законот за лични доходи дали се тие правилно спроведени по закон, ние треба господа пратеници да бидеме прилично свесни дека од периодот од 1990 година односно од донесувањето н а Законот за претпријатијата каде се овозможи да се формираат приватни претпријатија, од тогаш наваму настанаа сосема други состојби каде контролата е на нула. Често пати сите го зборуваме тоа дека контролата не е:-на висина. Токму тоа што го пропуштила таа контрола, контролните служби се бара ревизија. Сакам да укажам дека сепак овој закон е револуционерен или контра револуционерен закон. Една имовина која се создавала 45 години општествена и државна сега се пренесува во една друга сопственост. Тоа е револуција. Ако ние сметаме дека така тихо тоа ќе помине, изгледа гадно ќе се превариме сите како пратеници. Ми се чини дека е неопходна таква контрола граѓаните во Македонија сепак при оваа транс- формација со овој закон која ќе се изврши да има чисти основи дека се работи законито и легално. Ако сето ова помине без контрола, можеби ќе има и потешки поледици отколку што .сметавме порано да дозволиме било какви бенефиции во купувањето на интерните акции. Затоа што граѓаните се сомневаат во досегашното работење скоро на сите органи.

Од тие причини неопходно е овој амандман да се прифати, а ми се чини дека Владата треба малку повеќе да размисли на тој амандман. Дури е потребно посебен орган да се формира за преиспитување. Прашање е дали е доволно СОК да го прави тоа дури и во членот 104 затоа што СОК сега има и други работи. Тоа се работи кои се додаваа' и ако таа е моќна да се врати четири години station наназад да ги преконтролира

сите настани кои се одвивале со капитализирањето и Законот за општествениот капитал и Законот за лични доходи и по ова ми се чини дека нема ништо да направи. Ако сакаме чисти основи нам ни треба посебен орган да ја изврши оваа работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас го сфатив господинот министер да говори за правна сигурност. Во кривична правна смисла да, меѓутоа, во граѓанско правна смисла правната сигурност има свој лек да се лечи несигурноста. Таму, покрај другите институции има еден институт оштетуваше преку половина. За него нема рок , за него нема заштита во законот да може ретроактивност. Ако некој зел нешто што е помалку од половина од неговата вредност тој со самото купување надвор од пазарните услови , да знаете дека нема заштита во ова. И оваа контрола што ја предлага господинот Манев оди токму на тоа дека имаме законска основа ние како власт да извршиме ревизија затоа што се сомнева на начинот на спроведувањето на таа трансформација дали навистина е запазен пазарниот систем. Ако е нарушен пазарниот систем при трансформацијата и настапило оштетување преку половина или се направени махинации по однос на проценката, тогаш таквите дејствија се ништавни и не произведуваат правно дејство и ќе се сметаат како да не биле заклучени и во моментот на заклучувањето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:(продолжение)

Според ова, господо, ние немаме никаква законска пречка во однос на важење на Законот уназад. Се е на место да го изгласаме овој амандман, да дозволиме да се изврши контрола на онаа имовина со која сакаме да кажеме државата, сакаме да кажеме општеството, сакаме да кажеме граѓаните, сакаме да кажеме ние или било кој располагала оваа држава. Имаме и должност своја да дозволиме сами да се штитиме. Не ни е лично овде, туку како институција државата Македонија да го штити својот капитал без разлика во чии раце отишол Јас не ја правам таа разлика, општествена, па отишла во приватна сопственост. Овде правиме разлика дали од една отишка во друга сфера. Не е битно која е сферата, само се бара законитост. Ова да го кажеме вака. Двајца се на пазар и купуваат, односот помеѓу нив е важен, тој однос и овдека сега е важен односот помеѓу претпријатието и акционерите, дали тука не настанала некоја недозволена работа. Дали тука има злоупотреба, дали тука е нарушен принципот на оштетување преку половина. Ако е така таму каде ќе се утврди тоа и ќе се добие тој договор не чини, таа трансформација не чини и ќе се спроведува по овој закон. На кого му пречи овој закон? На никој. Затоа предлагам да го уважиме и да гласиме за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Јас апсолутно ги подржувам заложбите кои што идат на линија да донесеме закон кој што ќе биде комплетен во смисла на давање можност за понатамошната трансформација, давање на можност за целосна контрола на она што е досега извршено, секако, пред се, поаѓајќи од

законската регулатива до сето она што ќе се смета и ќе се констатира дека било неправично направено. Што значи дека треба да има една апсолутна заштита во делот на спроведувањето на трансформацијата и со исклучување на сите можности за да поминат одредени работи кои што биле неправилно спроведени. Меѓутоа, ние мораме да појдеме од еден друг факт дека овој закон треба да биде контатабилен и со нашиот систем и со целокупниот механизам кој што е непосредно врзан во нашето законодавство. Јас верувам дека и сум убеден заложбите кои што идат на линија работите да бидат завршени на една чиста и исправна основа се апсолутно добри и прифатливи. Јас така ги оценувам заложбите на двајцата пратеници кои што се обидуваат да не убедат за потребата од донесувањето ан дополнение изразено како ново решение во амандманот. Меѓутоа, ние не можеме работите да ги поставиме преку оценката дека овде сешто е направено е грабеж и сето тоа што е направено треба да биде ставено под лупата и со оценката дека тоа не е во склопот на законот. Дотолку тоа би било опасно ако ние сега се залагаме и со еден нов механизам, тоа значи орган на орган, контрола на контрола што ќе го доведеме во прашање и самото законодавство и самиот систем, кој што еве постепено со донесувањето на уставот се обидуваме да го уведеме. Од тие причини мене лично ми смета под мотото дека треба да го заштитиме објективното и правичното спроведување да се залагаме за некои норми и решенија кои што ќе идат на линија и од некои професионални деформации дека во се гледаме нечесност, неисправност и дека треба работите да ги поравуваме на една друга основа. Од тие причини јас укажувам и замолувам дека работите треба да ги довериме сепак на законодавецот каде што седи Владата, каде што седат ресорните министри кои што ќе треба сето тоа

да го направат овој закон да биде контатабилен во вкупниот наш законодавен систем и со овој закон сега да не измислуваме некои нови решенија за одредени области кои што во нашето законодавство се многу добро поставени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Јас би сакал сосема кратко. Му благодарам на излагањето на претходниот пратеник кој што прифаќа дека треба една чиста реална контрола на сето тоа што треба да се трансформира. На крајот тој изрази едно сомневање дека, сепак, е непотребно тоа сите претпријатија да се стават под едно такво сомневање. Мене ми се чини дека сакале или не колку и да бегаме ние од тоа не можеме да избегаме. Тоа постои. Мораме да сфатиме дека ние тоа сомневање во Македонија постои. Токму со една ваква контрола тогаш би се отклонило сите луѓе да не бидат ставени во исти кош на сомневање. А тоа нешто го прави и Владата. Со членот 104 таа врши една општа контрола по однос на делот кој што е трансформиран. Што му пречи на Владата кога го предлага членот 107, бидејќи немаат иста содржина и суштина со членот 104 дава можност да се изврши одредена ревизија и со тие и тие работи, кои што јас истите ги прифаќам што ги става Владата. Разликата е помеѓу мојот предлог и предлогот на Владата што јас барам тоа да биде задолжително. Како што е во членот 104, а не да биде тоа по избор на субјектот, дали обвинител, правобранител или агенција. Во еден таков кошмар, ако се трансформираат 1000 или 2000 фирми, кој е тој правобранител, кој е тој обвинител што ќе може токму тоа што зборуваше господинот Иван да стави прст ќе ти извршам на тебе контрола. Кога се врши контрола на сите, тогаш не е ни страшно, значи,

општо се врши контрола на работењето од тој период до овој. Не постои сомневање, ни бенифицирање во вршењето на контролата. Ако некој направил повреди, ќе треба да одговара. И ако не одговара сега, ако ние не го донесеме законот ваков, со овој амандман, јас верувам дека некој друг состав на пратеници ќе го донесат. Ние не можеме да сметаме дека толку континуирано одиме со нашите прописи. Дали одело континуирано и во 1945 и во 1946 година кога се национализирала имовина, па дури сега ние 45 години наназад ќе бараме денационализација. Ако се направат повреди сега при транс- формацијата на оваа општествена имовина да бидеме длабоко убедени, ако не ова Собрание, после другото може да бара ревизија и ќе бара. Се што е украдено, се што е туѓо ќе се врати назад.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Иванов бара реплика.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници, во овој дел на дискусијата кој што беше кажан од господинот Манев јас немам никаква забелешка. Мојата дискусија беше повеќе во делот на неговата претходна дискусија каде што тој се залагаше за воведување на нов посебен механизам, посебен орган кој што ќе треба да ги работите целосно преиспитува. Тоа можеме да го провериме и од стенограмот од неговото искажување, а се надевам дека добро го слушна Моето искажување одеше на линија дека овие работи ниту застаруваат, ниту му го спречуваат правото на надлежните органи за проблемот за сите оние работи кои што се направени како пропуст по службена линија да постапува. Од тие причини се залагам законот да биде контатабилен во склопот на постојната законска регулатива и е мојата забелешка беше само во тој дел.

XI/5

**СТОЈАН АНДОВ:**

Изгледа сега е се јасно, затоа што искажувањето на господинот Манев околу нови органи нема врска со амандманот. Тоа не е содржано во амандманот. Господинот Манев нека дообјасни.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Јас мислам тоа го кажав како дополнување. Со предлог Владата да размисли кои органи ќе ја вршат таа работа. Инаку, во амандманот го нема тоа. Во амандманот стои тоа дека овластена организација може да го врши. Јас се сомневам во институцијата која што сега стои. Инаку, Владата која смета дека оваа институција ќе ја изврши работата тоа е нивна работа да го спроведе законот. А дали таа ќе оди на формирање на друг орган, тоа јас го дадов како предлог и размислување, а не е тоа во амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека се отстрани недоразбирањето.

Господин Петров бараше збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Државата во согласност со одредбите од уставот е должна да ја заштити сопственоста. Во тие рамки и општествената сопственост. Во овој процес на трансформација односно нејзино трансформирање. Затоа, сметам дека не е во спротивност со ништо и од Уставот и од концептот на законот кој сега се предлага, она што го предлага во својот амандман господинот Ефтим Манев од причини доколку вака остане формулацијата на член 107, верувам дека ќе остане бесмислена ревизијата се пропагираше цело време односно контролата на досега спроведената трансформација .на општествениот во приватен капитал во друштва со граничена одговорност, во мешовита сопственост и акционерски друштва. Еве од кои причини. Во сегашниот закон за општествен капитал ние немавме ниту еден овластен орган кој можеше да врши контрола. Нека признае министерот Миљовски дека ни како

Влада нема добиено после колку време никаква информација од СОК, затоа што СОК по законот за општествениот капитал или по било кој друг законски пропис не беше надлежна да врши контрола на пререгистрацијата на претпријатијата со издавањето на интерните акции.

Понатаму, судовите за регистрација воопшто не беа надлежни да вршат контрола на основачките акти на така пререгистрираните претпријатија според постојниот закон за општествен капитал. Па сами ние бевме свесни минатата година кога се повлече од процедура законот кој го предлагаа некои пратеници, па и Владата за престанок на важноста на законот за општествен капитал и на членот 4 од Законот за личните доходи веднаш после тоа се пререгистрира огромен број на правни субјекти во друштва со ограничена одговорност и во акционерски друштва. Колку само холдинзи постоеја регистрирани во судовите, во стопанските судови без никакви делбени биланси. Надлежните судови за регистрација, стопанските судови немаа овластување да вршат контрола на основачките акти и проверка на пријавениот основачки влог. Затоа, бидејќи тоа не достасување во досегашните прописи сметам дека е потребно како генерална определба да се при- фати овој амандман со кој ќе се овозможи проценката да не се врши субјективно од страна на органите наведени во овој закон, туку тоа да биде обврска утврдена со законот.

И уште едно на крајот овој закон тој проблем не го разрешува меѓутоа ќе се судриме во практиката. Постојниот закон за претпријатија два пати е менуван во текот на неговата важност. Меѓутоа, што со оние претпријатија кај кои ќе се констатира дека и ако извршиле пререгистрација, иако продале капитал, претвориле од основен во обртен капитал не обезбедува никаков механизам со кој повторно ќе се поврати процесот на регистрацијата да бидат тие претпријатијата кај кои

ќе се откријат недостатоци повторно регистрирани во првобитната состојба пред да ја започнат трансформацијата според постојните одредби. Затоа, сметам дека предложениот амандман во потполност ќе ги отстрани токму сите сомневања и ќе може државата да обезбеди заштита и на општествената сопственост во овој период на трансформација и нејзино приватизирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам министерот да ја следи расправата и да интервенира да ни олесни да завршиме работа. Инаку, ве молам, да се задржиме, друг е тоа кога се слободни искажувања, а друго е кога се расправа за текстот на амандманот и за областа што тој ја зафаќа. А овде сега скоро беше кажано за една од одговорностите дека со ако овој амандман за контролата вака не се усвои, тогаш пропаѓа решението за ревизија. Тоа нема блага врска едно со друго. Ревизија е сосема друга работа од контрола и тогаш да не шириме сомневање во целиот закон. Само прашањето на контрола го решава овој амандман. Не навлегува ниту доведува во прашање ништо што се однесува до ревизијата. Тоа во законот си стои и не гледам никој тоа и сите одредби да може да ги доведе во прашање.

Господинот Андонов.

**ТИМЕ АНДОВНОВ:**

Јас амандманот го прифаќам и мислам дека треба сите да размислуваме на еден ваков начин, бидејќи овој амандман не го оптоварува текстот, напротив, ако се залагаме во сите наши дискусии за правна држава не треба воопшто да се плашиме од контрола. Пред се нелогично е да кажеме, во ред е ревизијата е нешто друго и навистина кога би имало контрола кај нас има такви случаеви што за пола година до една година го трансформираа капиталот од 90 до 100%. Мислам дека не е на одмет и треба да прифатиме да се изврши таква контрола.

Без разлика испаѓа дека некој што бил похрабар што често пати се употребуваше дека во овој закон не постоела институција која можела да го контролира барем така беше кажувано, сега со овој закон нека се направи контрола и тоа нека се види кој колку можел да трансформира законито, а не незаконито.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас сум на мнение дека Владата треба да го прифати овој амандман, затоа што вака ќе остане една хипотека. Би кажал дека контрола ќе имаме, меѓутоа нема да биде обврска. Со амандманот се прецизира дека треба да биде обврска, затоа што и Владата во своето образложение кога ни го нуди законот вели дека со толкувањето на Сојузниот извршен совет од 31.03.1991 година незаконски е овозможено интерните акции дадени според законот за личните доходи да се користат за откуп на интерни акции дадени според законот за општествен капитал. Што значи дека и во образложението имаме констатација дека нешто е извршено незаконски. Како и други што кажаа и јас би се запрашал. Како можеше одредени фирми, знаеме колкав е нивниот капитал, вака со очи може да се види, да извршат трансформација над 80% односно 96 или 100% итн. Затоа мислам овде може да се противат на еден ваков амандман само некои си директори да кажеме што вели не може да се каже дека секој директор е крадец, затоа што сите велиме грабеж. Никој тоа не го тврди дека секој директор е крадец. Меѓутоа, за да таа хипотека што им се наметнува на директорите се отклони на некој начин, се оттргне, мислам, пред се, овој амандман не треба да се гласа, туку Владата треба да го прифати, затоа што овде во овие клупи седат, кажав и некни, добри менаџери кои немаат извршено трансформација над 20% итн. Еден од тие е и господинот Панче Насев даземеме и да прашаме колку Астибо извршил.

Какви луѓе,такви менаџери што  навистина го почитувале законот треба да не носат А тој што се противи на една ваква обврска, би треба да си ја симне со тоа што ќе го прифати дека ред е Владата, како што нагласи претседателот на Собранието, Владата да го прифати овој амандман. Затоа што допрецизира и дава обврска за контрола на досега извршената трансформација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

Господа се обидував да не се јавам, а се обидував да не се јавам поради константното мешање на поимите од законот и постојаното мешање на работите меѓу себе. Пет говорника кои што говореа секој се залага за нешто сосема различно, а како да се залага за исто и цело време Владата па Владата.

Не е точно дека Владата не прифатила контрола. Контролата се врши и за сите важи, никој не е исклучен од контролата на приватизацијата.

Второ, ревизија се врши во сите оние случаи кои што се наведени по барање и на агенцијата, по барање на купувачот по барање на странското лице. Овде практично се бара секоја зделка која што на било кој начин е направена меѓу приватно претпријатие и општествено претпријатие да се контролира. Но, тоа би можело кога би имале друга држава.

Трето, треба и предлагачот да е свесен за нешто. На кого помага со овој предлог? Дали со овој предлог помага на правдата, да ги најдеме оние кои што направија или помага на неправдата. Имено, фантастично е лепливо да речете од денеска ќе ги контролирам сите. Фактички никој нема да контролира. Зошто? Заради тоа што работата е толку обемна, во тој обем ќе ви се промакнат сите вистински криминалци. Меѓутоа кога ќе формирате служба која што ќе работи врз база на индиции на претходните органи тогаш можете да го усмерите вниманието точно кон оние кои што направиле злоупотреба А сега уште нешто.

Самите дадовте аргументи дека не треба. Вие рековте дека во законот има инкриминирано дело. Па, ве молам ако има таква инкриминација, зошто треба тука да ја воведеме. Има инкриминација,

треба да се даде упатство тоа посебно да се гледа. И такво упатство ќе дадеме. Ќе дадеме упатство што да се гледа, ќе дадеме упатство на кого да му се јави. Меѓутоа, ова што вие вака го предлагате фактички ќе усталаса многу, нема да ги покаже правите криминалци заради тоа што ќе биде една огромна работа, а приватизацијата ќе застане и едно две години не ќе може никој да се приватизира.

(дофрлување на некои пратеници од место)

Повелете на говорница и кажете го своето мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само вие продолжете господини министре, немојте да се секирате за упадици.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

Морам да се секирам. Во демократијата спаѓа човек да си се сектира за она што сам ќе си одбере.

Сега, една контрола од 5 души, пет контролори. Едно претпријатие од 1000 души трае околу 3 до 5 месеци, во зависност од обемот на работата. За приватизација се предвидени 1500 претпријатија во Македонија. Замислете за тие 1500 претпријатија по 5 души тоа се 7500 души да треба да работат 3 месеци. Ако го растегнете на две години дека треба можете да пресметаат дека треба 800 души да работат само на оваа работа. Вашата заложба, која што јас ја поддржувам, и вашата заложба која што ние се обидовме со член 107 да ја санкционираме се претвора во својата обратност. Не може тоа да се контролира. Меѓутоа, јас можам едно да ви кажам Законот треба да оди вака како што е предложен. Ако постои било каква можност со еден краток закон овие работи посебно да ги оформиме ние ќе се обидеме да го направиме. Всушност, ако погледате оваа контрола овде фактички нема директна врска со трансформацијата. Сакавме да застанеме на пат на цела низа

злоупотреби за кои што се говори, па сега бидејќи се врши контрола на приватизацијата, бидејќи сме блиску до темата едноставно да ја прошириме контролата и на тој вид злоупотреби. Меѓутоа, тука ќе работиме исто по индиции. Кога преку индициите ќе се покаже дека некој вршел злоупотреба тогаш ќе ја ангажираме комплетната контрола. Само во тој случај не за сите масовно затоа што во тој случај нема да успееме. Тоа е прашање на рационалност.

Јас молам, мислам дека Владата еднаш се искажа, Владата уште еднаш се искажа, Владата трет пат се искажа и јас молам да не бидеме прозивани. Ставот на Владата е кристално јасен и еднаш кажа. Мене на ништо не ми личи од говорницата да се вртат кон мене молежлив погледи ајде молим те како Влада попуштете малку. Ве молам господо, има процедура. Се дава амандман, амандманот се прифаќа или не се прифаќа, амандманот е неприфатлив.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не се работи за молба дали некој некого моли. Тука се искажаа од одредени коалициони партнери во таа Влада дека амандманот се подржува. Верувам дека и пратеничката група на ПДП НДП ќе го поддржи затоа што е обврска. За да немаат луѓето хипотека, ниту либералите со исклучок на еден нивни пратеник што не го поддржа, другите мислам дека го поддржуваат. Во тоа се состои. Излегува дека само СДС, затоа што вие велите Владата, СДС не сака тоа да биде обврска. Ќе ве молам Владата е составена од коалиција вие сте коалициони партнери.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Стојков не е добро еден пратеник да извлекува заклучоци за сите други пратеници што ќе прават по некој амандман. Секој сам треба да си одлучи, а пратеничките групи си се договараат внатре нема што тука.

XII/4

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Само ќе ве прашам две прашања. Ако не се прифати амандманот значи се озаконува кражбата. Тоа е прво.

Ако се прифати контролата, некој се плаши од контрола. Некој не сака да ме слуша но тие сакаат да се богатат и не е интерес- но тоа што јас зборувам. Или свесни, што сме несвесни во каква положба го носиме претпријатието, затоа ве молам. Овде не треба човек да знае многу па да ја види вистината. Многу пати од ова место зборувавме многу за тие неправилности во работите во претпријатијата и за кражбите. И во печатот и секаде. Да не се повторуваме. Ве молам да не се одолговлечуваме, да го прифатиме амандманот и да дадеме крај на она што не е законски. Само така можеме да почнеме да работиме правилно и да ја заштитиме државата да го заштитиме претпријатието од кражба.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Само накратко ќе дадам образложение што овој амандман би бил во праксата. Бидејќи имам искуство во организацијата во која што сум ќе ви објаснам од прилика што би значел овој амандман. Тој амандман би значел вака. Во една фирма која што не е многу голема од прилика годишно има околу два милиони документи. Два мили- они документи под услов, бидејќи се бара сите да се проверат практичното значи по една секунда да се гледаат се две милиони секунди или ќе треба од прилика 800 саати или 100 работни дена за да се проверат тие документи, како што реков под услов еден документ една секунда да се гледа. Бидејќи еден документ за една секунда не може да се пронајде, па уште треба и да се анализира и да се проверува верувајте дека за проверка на една таква фирма од прилика в." треба околу две години некој да проверува.

Нека е тоа така, јас го прифаќам тоа, меѓутоа, што тоа значи во пракса. Ако ние чекаме во секоја фирма две години за да направиме проверка, па дури тогаш даречеме може да почне процесот се сомневам дека некој навистина сака да го стопира процесот на приватизација. Тоа мислам дека е крајната интенција. Инаку, не сум против контрола, затоа и постои во членот ревизија, и веројатно со таа ревизија се мисли токму на ова. Она што мислиме дека има елементи за некаква нереалност , разни марверзации и слично нека се контролира, меѓутоа вака како што е даден, да се контролира се верувајте не е изводливо во пракса. Тоа Ви го зборувам од практични причини. Според тоа, во самиот член стои моментот дека е можно да има ревизија и тоа е сосема доволно. Вака ако го прифатиме веројатно две три години ќе треба за тоа.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ќе му одговорам на господинот Ристо .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама тој не ве праша.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Бидејќи зборуваме општествено, јас ќе му одговорам за тоа што треба тефтери да вадам итн. итн. Меѓутоа , јас најдов едно решение додека Вие зборувавте господине. Ќе му ги земеме парите на тие што краделе ќе ја платиме контролата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, откако господинот министер ја објасни шемата на контролата ситуацијата што би настанала треба да поведеме сметка што мислиме за амандманот. Ако има уште некој за амандманот да каже,

затоа што ни објаснија како е ситуиран тој проблем во законот. Ве молам дали уште некој бара збор по амандманот.

Сега Ве молам повикајте ги нашите пратеници да влезат и да разберат дека сите ние што сме внатре не сме толку среќни што сме внатре. И нас ни е многу вруќна. Нема смисла, малку им е тешко и си излегуваат. Еднаш има 72 пратеника, веднаш ќе видиме 56.

Нема смисла така. Повикајте ги пртениците Ве молам.

Ве молам дали уште некој бара збор ? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

(Реагирање на пратениците затоа што нема кворум).

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Очигледно дека претседателот не сака да придонесе за успешна работа па затоа , кворум нема, нема 61 пратеник и не може да се спроведе гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам седне те си Вие таму, Вие нема што да барате.

Јас утврдувам точен број аз да почнеме со работа и ако сакате Вие секој пратеник кога ќе излезе или влезе да се пребројуваме и да запираме така ќе ја парализирате работата на Собранието. Вие можете само да изразите сомневање во гласањето. Ние не сме гласале и затоа дотогаш немате ништо. Вие најмногу ќе придонесете ако се држите до Деловникот, а прва обврска е да седите тука в, во салата, јас Ве молам да седите во салата.

Повикајте ги пратениците што се надвор.

(Стручните служби ги повикуваат пратениците).

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Молам да прекине седницата за да можам да извршам консултации со Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За што ?

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

За овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По барање на Владата ја прекинувам седницата.

Седницата ќе ја продолжиме во понеделник во 10 часот.

(Седницата прекина во 17,45 часот).